СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 8 октомври 1992 година

Скопје, октомври 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ПЕДЕСЕТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 8 ОКТОМВРИ 1992 ГОДИНА**


1. АНАСАТАСОВСКИ МИТКО - 14, 15
2. АЛИТИ ХАМИД - 82
3. АНДОВ СТОЈАН - 13, 16
4. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 111
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 16
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 7, 15
7. ГОШЕВ ПЕТАР - 94
8. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 60
9. ДИМИТРОВА РАТКА – 9, 12
10. ИВАНОВ ИВАН - 67
11. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 75
12. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 8
13. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 86
14. НИКОЛОСКИ ДУШКО - 106
15. НАСЕВ ПАНЧЕ - 131
16. ПОПОВСКИ КИРО - 35
17. ПРЕВАЛА ШАБАН - 49
18. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 91
19. ПЕТРОВ ТОДОР - 121
20. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 45
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 4
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 6
23. ТАИРИ ЏЕМАИЛ - 90
24. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР - 114
25. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 14
26. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 2, 19 (ЕКСПОЗЕ НА ВЛАДАТА)


П Р О Д О Л Ж У В А

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 октомври 1992 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,30 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот Собранието на Република Македонија Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Душко Горѓевски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницава присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од 47-та,48-та и 49-тата седница на Собранието Република Македонија ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?

Констатирам дека записниците од 47-та, 48-та и 49-тата седница се усвоени без забелешки.

За седницата се поканети претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот и значењето на прашањата што се предложени за денешната седница, предлагам на оваа седница да не поставуваат пратенички прашања.

I/2.- СС-ВБ

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваме). Владата на Република Македонија заради ублажување на неповолните состојби во стопанството и нестопанските дејности и создавање услови за воспоставување на макроекономска рамнотежа на општествената репродукција, достави дополнителни мерки на економската политика од стабилизационен карактер во 1992 година, со информација за остварување на Антиинфлационата програма со согледувања за можните насоки за натамошни активности како и други пропратни акти чие донесување се предлага по итна постапка.

Овие акти се содржани во Решението за свикување на седницата на Собранието.

Исто така, Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да се донесе по итна постапка Законот за изменување и дополнување на Законот за стопански престапи и Законот за изменување на Законот за прекршоците што ви се поделени.

Образложение за причините за донесување на овие акти по итна постапка ќе донесе претседателот на Владата Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Нарушувањата во стопанството и во вкупниот општествен і живот во Републикава поради познатите внатрешни и надворешни околности достигнаа такви размери што се закануваат да ја парализираат општествената репродукција.

Од тие причини Владата оцени дека е неопходно дополнителни- те мерки на економската политика од стабилизационен карактер за 1992 година како и законските решенија што ги донесува Собранието, така и мерките што од своја надлежност ги донесува Владата да стапат во дејство истовремено бидејќи тие мора да делуваат синхронизирано врз воспоставување тона макроекономската рамнотежа на општествената репродукција.

I/3.-

Тоа се причините кои ја наведоа Владата да побара од Собранието неколку закони да се разгледаат и донесат по итна постапка. Без тоа ќе се јави голем ризик за несинхронизирано делување на мерките,а со тоа би дошло и до девалвација на ефектите и на целата акција уште во почетниот период на спроведувањето на мерките.

Ги молам пратениците да го прифатат ова дополнително образложение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувме образложението на претседателот на Владата Бранко Црвенковски за причините за итно донесување на предложените акти.

Кој е за предлогот овие акти да се донесат по итна постапка, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (20)

Констатирам дека предлогот за донесување на овие акти по итна постапка е усвоен.

Ве известувам дека Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ достави барање за дополнување на дневниот ред за оваа седница со Информација за трипартитните разговори водени помеѓу Владата, ПДП-НДП и претставник на Европската заедница и Информација за состојбата и статусот на бегалците од Босна и Херцеговина во Република Македонија.

Барањето на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е доставено до Владата на Република Македонија.

Барање за подготвување на вакви информации поднесе и пратеникот Тодор Петров.

I/4.-

Владата на Република Македонија извести дека има потреба Собранието да расправа за овие прашања, поради што ги задолжи надлежните министерства да ги изготват бараните информации. Меѓутоа, Владата укажува дека поради кусиот рок во кој е доставено барањето не дозволува навремена и квалитетна подготовка на овие информации за да можат да бидат разгледани на денешната седница, туку Владата ќе ги достави до Собранието во вообичаената собраниска процедура.

Дали координаторот на пратеничкава група на ВМРО-ДПМНЕ се согласува со предлогот на Владата?

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Сакајќи да дадеме свој придонес за надминување на одредени состојби на загриженост што се јавуваат поради неодговорни изјави било во печатот и сл., Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ оцени дека е потребно на оваа седница да се стават на дневен ред две точки. Тоа се, прво, точката за едно соопштение од конференцијата за печат на НДП во кое што во весникот "Вечер" се даде одреден напис со одредена содржина за наводна договорена конфедерализација за водење некакви трипартитни разговори помеѓу Владата на Република Македонија, Европската заедница и наводно претставници од ПДП односно НДП.

Во тој контекст, во написот што беше даден во весникот "Вечер" недвосмислено произлегуваше дека навистина се заговараат некакви работи кои во, контекстот како се дадени предизвикуваат загриженост кај населението и граѓаните на Македонија. Се спомнуваат термини на федерализација и сл., се заговара дури и промена на Уставот во смисла на

бришењето на оној дел каде се говори дека Република Македонија е како национална држава и одредени одредби на Уставот каде што се односно што се однесуваат на правата на националните малцинства.

Оттука, оценивме дека за македонската јавност е потребно во случајов да се даде токму образложение, една информација за точноста на тоа што се тврди во весникот "Вечер" од Конференцијата за печат кое што на одреден начин беше исто така третирано и на Телевизијата.

Нашето залагање за расправа по ова го оценивме дека нема да наиде на никакво недоразбирање кај Владата, не само што се кажува за подготовката итн., бара време и сл., сметавме дека ако се водени тие разговори едноставно требаше да се излезе на оваа говорница и да се каже имавме такви разговори или немавме такви разговори. Тоа е суштината на проблемот. Да се каже кој ја зборува вистината, а кој не ја зборува вистината.

По однос на второто прашање за бегалците, јасно е на сите дека стои една наша оценка дека по однос на бегалците немаме еден квалитетен и организиран пристап и не се користени искуствата во однос на бегалците што се практикуваат во светот при појава на бегалци по разни основи.

Оттука оценивме дека заради состојбата со бегалците, особено тоа што се случуваше последниве денови со обидот за организирано сместување на истите и за нивното касарнско сместување што предизвика огромно негодување кај народот во Македонија, дека беше потребно да се даде една слика што е се сторено и каков статус имаат тие, со сите карактеристики на овие раселени лица или како се викаат бегалци, бидејќи р.ќе уште не знаеме што, а едноставно км дадовме такви услови на гостопримство кои што исто каде во било која земја ги имаат бегалците. Меѓутоа, тоа гостопримство има одредени појави, се враќа

I/6.-

недобронамерно токму од тие кои треба да го почитуваат тоа гостопримство од Републикава.

Бидејќи одредени состојби со бегалците, како она што беше случајот со касарната во Прилеп има одредени тешки моменти кај населението, оценивме дека за ова прашање треба да се расправа 'ба седница на Парламентот и да видиме што понатаму, односно кои се согледувањата на Владата за целосно решавање на проблемот со бегалци- те во Републикава.

Внимателно го прочитавме одговорот од Владата на Републикава и сметаме и на тоа ќе застанеме дека* ние го прифаќаме известувањето и сме согласни да се подготви една целосна информација по двете прашања што ги покренуваме и по нив се води расправа на првата наред- на седница на ова Собрание. Но, не би сакале за вакви значајни прашања да се востановува некое правило дека не сме подготвени да дадеме одговор. Ние како држава мислам дека треба да бидеме подготвени за давање одговори во моментот кога ќе се побара, особено1 што по овие прашања Владата веќе расправала.

Оттука, да бидам прецизен, не инсистираме да влезат во дневниот ред, туку за наредната седница во смисла како што е во писмото на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Околу утврдувањето на дневниот ред збор побара господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, го сфаќам значењето на предложениот дневен ред за кој треба да расправа денешното Собрание. Меѓутоа; имаме уште едек проблем, што поради начинот на законската регулатива и организација и една одредницата од Уставниот закон дека нема избор на судии се

доведуваат во прашање и оние кои сакаат да си одат од местата на судиските функции, даваат откази од работа, меѓутоа поради неработење на ова Собрание и понатаму, иако не ја вршат таа функција, останаваат да примаат плати а се наоѓаат на други должност или изигрувајќи ги одредените законски можности со неплатено отсуство боледување и сл., тие луѓе останаваат понатаму практично да не вршат а вршат судиска функција.

Од овие причини оние колеги кои поднеле барања за разрешување од функцијата судија а поминале преку Комисијата за избори и именувања, молам да се дополни денешниов дневен ред, и на крајот кога ќе се исцрпи предложениот дневен ред да констатираме дека на тие колеги кои, помеѓу нив, според мое лично сознание веќе се и некаде над 90% запишани во именикот на адвокатите на Македонија со условно отпочнување на работа со денот на разрешувањето во Собранието на Република Македонија.

Во таа смисла предлагам да се надополни дневниот ред со разрешување на овие колеги.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме дополнителен предлог и молам министерот за правосудство господин Гошев да се изјасни.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Тоа може да го прифатиме затоа што тоа е право на судиите самите да побараат кога не сакаат да ја вршат судиската функција, а објективно беа кажани од господинот Стојановски и причините,за да немаат проблеми и претседателите на судовите во Република Македонија, може да го прифатиме бидејќи Комисијата сигурно има свој став. Веќе ги префатила барањата на одредени судии кои бараат да бидат разрешени.

Поради тоа предлагам тоа да биде последна точка на дневниот ред и да ги видиме сите барања за кои Комисијата има даден мислење и да ја завршиме оваа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставникот на Владата,господинот Гошев прифаќа да се уврсти оваа точка во дневниот ред.

Молам Службата од Комисијата за избори и именување да ги даде сите тие случаи.

Има збор господин Крстески. .

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Во име на Комисијата за избор и именувања да истакнам дека се утврдени предлог на одлуки за разрешување. Меѓутоа, сметам дека не е неопходно потребно да се стават на оваа седница бидејќи според Законот за судовите, доколку Собранието не го разреши судијата, тој во рок од три месеци може самиот да биде разрешен од страна на судот по службена должност. Да не се добие впечаток дека Собранието не работи и не ја врши работата. Тоа е чисто по лично барање. Се знае, избран функционер треба да го сочека мандатот или да даде  оставка или да биде службена разрешен. Сметам дека не е неопходно потребно да се стави на разгледување денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, се разбира, Комисијата која го гледала овој проблем требаше да предложи по итна постапка ако оценувале дека треба по итна постапка. Сега малку бев затечен и изненаден од ова што немаме таков предлог од Комисијата. Но сеедно имаме предлог, го имаме мислењето на Владата и да се изјасниме по предлогот.

I/9.-

Кој е за предлогот на господин Стојановски, молам да крене рака? (62)

Бидејќи 62 пратеници гласале за предлогот, констатирам дека предлогот е усвоен.

Молам, да се достават материјалите од Комисијата за^оваа точка.

Збор побара госпоѓа Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, предложениот дневен ред за денешнава седница го примам со разбирање и истовремено со отпор.

Имам разбирање за ургетноста на Предлогот на сите точки зашто тие се изнудени од нашава горлива пракса за која и ние самите сме одговорни, посебно со Законот за платите што го донесовме под раководството на нашиот претседател и тројцата потпретседатели, а наспроти противењето на претходната Влада.

Но, тоа разбирање не може да биде ниту безгранично ниту безусловно. Нам ни останаа недовршени две седници, 41-та како нај- важна GO системските закони што се во функција на заокружување на македонската држава и чие донесување го пропишува Уставниот закон 1 во рок од 6 месеци. Тој рок одамна помине а, ние еве уште ги одлагаме.

До кога? Колку може да се пречекори рокот а да не се помине работ на легалитетот? Што мисли Уставниот суд за ова?

Групата на ВМРО-ДПМНЕ даде писмено барање со предлог за продолжување на 41-та седница. На тоа немаме одговор, а не беше ниту прочитано сега, на седницава.

Причината дека новата Влада не се изјаснила по ова не може да стои заради тоа што е тоа веќе во тек, почната седница к како што чувме на

I/10.-

телевизија од потпретседателот Стево Црвенковски останува се исто. Значи пречки за ова нема.

Определувањето за предложениот дневен ред предлагам да го условиме со определување термин за завршување на прекинатата 41 седница заради донесување на системските законот. Тоа мора да биде термин што Уставниот суд сеуште ќе го смета за толерантен, ако таа граница веќе не сме ја пречкориле.

Барам Собранието со гласање да се изјасни со овој предлог. И уште еден услов си должиме пред себеси и пред нашите - избирачи кој не е без врска со претходниот.

Апелирам до сите колеги пратеници денеска да се обврземе за итен стратешки претрес на актуелната македонска ситуација заради соочување со вистината за меѓународниот статус на нашата држава. Тоа може да биде и затворена седница, може да биде веднаш по завршувањето на оваа или следниот ден.

Деновиве шефот на Македонската дипломатија јавно го призна поразот на една стратегија....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да расправаме за овој дневен ред што е предмет на дискусија...

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

На една стратегија со ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не е расправа.

**РАТКА ДИМИТРОВА**

Не е расправа. јас морам да објаснам. . .

I/11.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата госпоѓо Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Морам да ја објаснам важноста и итноста на оваа тема...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, ние расправаме за дневен ред, само за дневен ред...

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас се извинувам, јас имам право....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право да зборувате за ова...

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Имам право да објаснам на пратениците зошто ја барам оваа точка на дневен ред..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата инаку ќе ја прекинам седницата....

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Зошто ја барам оваа точка на дневен ред. Ние имаме многу

**СТОЈАН АНДОВ:**

Разберете еднаш, не барате на дневен ред денес. Барате друга седница госпоѓо Димитрова. . .

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Господине претседателе, ние, веднаш по завршувањето на оваа....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се знае седница како се бара. Не се бара само од говорница.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Како услов да можеме да го прифатиме овој дневен ред....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе ја прекинам седницата, разберете. Така не може да се работи.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Ова не е во ред. Ова не е во ред.

(Пратеникот Ратка Димитрова демонстративно ја напушта говорницата

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така не може да се работи. Навикнете се да работиме по Деловник.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас не можам да гласам за овој дневен ред ако не условиме брзо и итно натаму работата на Собранието. Вие ја блокирате веќе петта недела господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие госпоѓо Димитрова ја блокирате седницата.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Господине претседателе ние немаме начин да ја закажеме, само вие ја закажувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие или одете си од говорницата или ќе ја прекинам седницата. Да се разбереме. Ние имаме предлог за дневен ред овде и ако некој има што да предложи на дневниот ред да се уврсти треба да ја образложи итноста и да се изјасни Собранието. А, тоа што ќе гледа* наредните седници не се кажува сега. Тоа е друга работа. За тоа ќе покренете постапка, ќе закажеме седница и ќе се изјасни Собранието за тоа. Тоа е деловничката постапка. Да се разбереме. Инаку, ќе настане општ "гали-матијас" и на тој* начин се компромитира Собран* ;што ние едно треба да расправаме а сосема друго се расправа.

Господинот Анастасовски бара збор. Дали по дневниот ред? (Да) .

Ништо пошироко? Дали имате друг предлог? Може само така инаку не.

II/1/jj/см

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

До кога ќе играме жмурки? Сакам образложение од Владата и од Претседателството на Собранието да ми се даде одговор мене лично. Одиме на нова седница а ја оставаме 41-та седница. Барам од Владата да даде образложение, а после ќе продолжиме со дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, ве молам не може така како што вие сакате, само по Деловник. Ова е Собрание

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Само по Деловникот, тогаш само самоволие се прави.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Многу важни прашања испуштивме, а одиме на прашања кои можат на друга седница да се разгледаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата.

Околу интервенцијата на госпоѓа Димитрова ви кажувам дека во среда идната недела ќе имаме седница, продолжение на 41-та седница и тоа е разговарано и договорено со координаторот на пратеничката ВМРО-ДПМНЕ врз основа на нивната интервенција. Затоа нема за тоа што сега да расправаме. Понатаму, ве молам, задача ми е Собранието да г уредиме да работи како орган; на законодавната власт а не како митингшка средина. (Од место многу реакции и дофрлувања од пратениците). Ве молам за тишина за да можеме да работиме. За збор се јави пратеникот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ**

Почитувани пратеници, Пратеничката група, односно група на пратеници на оваа пратеничка група ка ПДП достави до претседателот на

Собранието пред еден ипол месец барање на дневен ред да се стави точката - Интерпелацијата за работата на генералниот директор на МТВ Истото барање е повторено пред 10 дена според одредбите на Деловникот и таа точка денеска не е ставена на дневен ред. Затоа предлагам, заради тоа што вработените на МТВ - албанска редакција изразиле недоверба кон главниот уредник на редакцијата Исмет Шакири, веќе една недела и состојбите се искомпликувани до таа мера, како и поради пропусти во низа сфери од работењето на МТВ, молам оваа точка да се стави на дневен ред на денешната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас и пред седницата го известив господинот Халили дека на првата следна, 51-та седница ќе биде внесена оваа точка на дневен ред заради тоа што на оваа седница оценувавме само она што е неподложено да биде разгледано за да би можела седницата да мине во ред. Како Ш1 гледате и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ прифати да не биде денес она што таа бараше итно да се разговара. За тоа е овој став и беше информиран господинот Халили што беше ставот на Претседателството. Тоа не е одбиено туку е нормално ставено за 51-та седница.

Има збор господин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ**

Почитувани пратеници, предлагам да се промени дневниот ред во редоследот, после точката; 1 да бидат точките Предлог за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на законот за прекршоците, а по него трета точка да биде предлогот по итна постапка на законот за изменување и дополнување на стопанските престапи, од причини што овие се два системски закони кои што ја регулира размената политика во сите други закони кои се предложени  па од овие причини предлагам да бидат први закони, а потоа да бидат разгледани и другите закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа да одиме на утврдување на дневниот ред.

Има збор Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Со оглед на тоа што веќе од оваа седница имаме сосема променета ситуација во односот на силите во Парламентот по воспоставувањето на коалицијата која што учествува во власта и оние другите во опозиција. Сметам дека прашањето на формулирањето на дневниот ред и воопшто на закажувањето на седниците, а со оглед на тоа дека Претседателството на Република Македонија, во целина припаѓа на владејачката коалиција, барам на седниците да се разговара и да се усвојува една ориентација на дневниот ред за наредните седници. Поаѓајќи од таквото свое гледање, како пратеник предлагам со оглед на сложената ситуација во Републиката со многу отворени прашања и контроверзни политички опции што се во оптек во Република Македонија, денеска да се договориме, и тоа го предлагам како точка во дневниот ред, денеска да донесеме одлука со која што за наредната седница, сеедно редовна или вонредна, што се најавува како продолжение на 41-та седница, да го обврземе претседателот на Републиката да се обрати овде во Парламентот со свое гледање на политичката ситуација во Републиката, и по можност пратениците да му поставуваат прашања. Молам Парламентот да се изјасни за таква точка со која што би можеле да *го регулираме тоа што го предложив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам, и ви кажувам оти усвојуваме дел од сугестијата на господинот Голубовски со испраќањето на решението за свикување на наредната седница да се дава м можна скица на дневниот ред на првата наредна седница, затоа што имаме материјали и имаме програма. Претседателството тоа може да го прифати и може да го оствари.

II/4

За втората негова сугестија што тој вели дека е тоа предлог, да се обврзат претседателот овде да каже, ве молам прво треба да види дали има уставна основа за тоа. Колку што знам во Уставот нема уставна основа Собранието да може да го обврзува Претседателот на Републиката да настапува овде. Според тоа, ние можеме да му се обратиме на Претседателот, но да дадеме нагласка овде да се обврзува Претседателот кога нема уставна основа за таа работа, немојте во таква работа да не туркате, туку дајте да поразговараме, јас во нужна координација иако тој оценува, да настапи, да настапи. Предлагам така да постапиме.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Дополнителни мерки на економската политика од стабилизационен карактер во 1992 година,со

- Информација за остварување на Антиинфлаторната програма за согледувања за можните насоки за натамошни активности.

2. Предлог на закон за изменување и дополнуваше на Законот за прекршоците.

3. Предлог на законите за изменување и дополнување на Законот за стопанските престапи.

4. Предлог на закон за изменување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката.

5. Предлог на закон за посебниот данок од платите и од пензиите.

6. Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на промет ка производи и услуги.

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост.

II/5

8. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1992 година

9. Предлог за разрешување на судии кои престанале да ја вршат судиската функција, а веќе вршат други функции.

Точката 9 ќе ја формулираме на начин како го кажа тоа господин Стојановски а го усвои Собранието и ќе го формулираме точно така како тој го формулира во своето излагање што е во стенограмот. Толку се точки нема повеќе.

Дали има предлог за изменување или дополнување? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред нека крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Еден).

Дали некој се воздржува? (16 гласа).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **<u>точката 1</u>** - <u>Дополнителни мерки на економската политика од стабилизационен карактер во 1992 година, со Информација за остварување на Антиинфлацконата програма со согледувања за можните насоки за натамошни активности.</u>

Материјалите и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за здравство и Предлогот на заклучокот Ви се доставени односно поделени.

Експозе по дополнителните мерки на економската политика од стабилизационен карактер во 1992 година ќе поднесе претседателот на Владата на Република Македонија господин Бранко Црвенковски.

Има збор претседателот на Владата.

II/6

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници., Ова е прва седница на Собранието на Република Македонија по изборот на новата Влада. И како што гледате веќе на првата седница и само по 30 дена од работата на оваа Влада имаме дневен ред кој што содржи точки од суштествен карактер за водењето на економската политика

во периодот што ни претстои. Верувам дека ќе се согласите дека е тешко да, се најде некој друг таков пример во некоја држава, а тоа само по себе зборува за тежината на проблемите со кои сме соочени и кои што го наметнуваат и својот приоритет и динамиката на чекорите.

Дозволете ми во неколку реченици да ги посочам основните карактеристики на опкружувањето во кое се наоѓаме, задржувајќи се пред се на оние кои што имаат најголемо влијание врз стопанските текови на Републиката. Прво, војната во Република Босна и Херцеговина не стивнува а како што стојат работите тешко е да се очекува дека тоа брзо ќе се случи и во иднина. Тоа автоматски значи дека не само еден традиционален пазар како што е босанскиот, и понатаму останува непристапен за нас, туку дека на сила остануваат санкциите на ОН врз Србија и Црна Гора. Каков удар тоа претставуваше до сега и претставува и во иднина за нашето стопанство, може лесно да се заклучи ако се види колкав процент од поранешниот надворешен промет на Република Македонија отпаѓаше токму на овие поранешни југословенски републики. Ако на тоа се надодадат отежните деловни и транспортни комуникации со Република Словенија и Република Хрватска, лесно ќе дојдеме до одговорот зошто оваа година имаме енормно голем пад на производството од 30-тина проекти: Се разбира она што ние можевме да го посакуваме е војната час поскоро да заврши и нашата северна граница да се отвори за слободен простор на стоки и капитал. Но,.за жал нашето влијание врз тоа е минимално. Мислам

дека е далеку поразумно, доколку во нашите проекции и планирања тргнеме од претпоставката дека ваквата состојба ќе потрае, односно да тргнеме од полошата варијанта. Се разбира има и најлоша варијанта, меѓутоа јас предлагам за неа да не зборуваме.

Второ е блокадата на нашата јужна граница од страна на Република Грција која трае подолго време и нафтената криза како една од , најболните последици од таа блокада која што катадневно ја чувствуваат и стопанските субјекти и граѓаните на Република Македонија. Во последните неколку недели нашите претпријатија заради недостигот на енергенти мора да работат со намален капацитет, а некои од нив беа доведени во ситуација ,и да ги изгаснат машините. И без посебни анализи, сосема е јасна намерата на Република Грција - со директна економска блокада и притисок да се скрши ст0панството на Република Македонија, а преку тоа и определбата за меѓународно признавање и зачувување на сопственото име. Не треба да имаме илузии и да очекуваме радикално менување на ставот на Република Грција и во поблиска иднина. И тоа е нешто што мораме да го имаме предвид кога зборуваме за она што не очекува.

Трето, пролонгирањето на меѓународното признавање на Република Македонија и последиците кои што од тоа произлегуваат.. Како една од главните пречки, често пати единствена за остварување на пристап до меѓународните финансиски институции, а на тој начин и до екстерна финансиска поддршка, толку неопходна во овој момент, се наведува фактот што Република Македонија| сеуште не е пошироко меѓународно призната. И покрај некои позитивни сигнали тешко е да се каже кога овие финансиски линии ќе бидат пробиени, и тоа претставува уште еден ограничувачки фактор во овој период.

Крајниот резултат од влијанието на овие три фактори на опкружувањето на Република Македонија е дека нашата Северна и Јужна

граница, фактички се затворени. Границата спрема Запад е со сосема мали транспортни и комуникациски можности и доста скромна досегашна соработка.

Република Бугарија искажа спремнот за зголемување на досегашниот обем на соработка, и како што гледате, единствениот коридор за дотур на нафтени деривати и други стоки во овој момент, претставува токму нашата источна граница. Меѓутоа, ако се потсетиме на нашата инфраструктура, и ако се потсетиме дека ние, единствената наша железничка линија оди токму на релацијата Север - Југ, можеме да дојдеме до заклучок дека гледано од економски аспект, ваквото опкружување, на некој начин на Република Македонија подразбира дека во овој момент без никаква причина на пошироката меѓународна заедница, значи дека Република Македонија се наоѓа под еден вид на санкции. По се изгледа тоа е и цената и товарот што мора да се плати на патот кон меѓународното признавање на Република Македонија. Сите овие елементи мора да се имаат предвид при изработката на било каква програма и прио оценката на мерките содржани во неа.

Почитувани пратеници, како што ви е познато на 26 април 1992 година заедно со мерките на монетарното осамостојување на Република Македонија од дотогашниот монетарен систем на поранешна Југославија, беше усвоена и соодветната Антиинфлаторната програма. За совладување на хиперинфлацијата што владееше во тој период беше применет хетеродоксниот пристап со соодветна комбинација на мерки од областа на монетарната политика, политиката на јавната потрошувачка, политиката на девизниот курс на динарот и политиката на доходот односно соодветна контрола на платите и на цените на определени производи и услуги од егзистенцијално значење за животниот стандард на населението.

II/9

Поддршката што сите субјекти ја дадоа на оваа програма, за жал, беше повеќе декларативна отколку фактички. Уште во самиот почеток беа остварени повеќе пробиви на Програмата, така што сериозно се доведе во прашање остварувањето на нејзините поставени цели. Така на пример уште со самиот акт на монетарното осамостојување на Република Македонија беа заменети повеќе пари од предвиденото со проекцијата за 50%. Структурата на паричната маса се влоши во правец на поголемо учество на готовите пари. Потоа имаше поголем број примери на предвремено зголемување на плати, заради обезбедување на подобра почетна. позиција, како и зголемување на правото за исплата на платите и на временскиот период во кој се утврди правото, што доведе до зголемување на платите над предвидените рамки за 70%, наместо за 30 до 35%. Секако Дека мошне неповолно влијание имаше и се пораспространетата нерегистрирана продажба на производи и вршење на услуги и по тој основ намалување на приходите на буџетот на Републиката. Оценка е дека повеќе од 15% од прометот на мало се остварува илегално. Вкупно одлеаниот данок од прометот од Републичкиот буџет за изминатите 8 месеци за оваа година се оценува на износ од 2 милијарди денари што претставува над 5% од вкупно наплатените даноци од данок на промет, односно скоро еднакво на исплатените средства од Буџетот за материјалните расходи на државната управа во тој период.

И покрај таквите пробиви, може слободно да се каже дека во определен период по донесувањето и спроведувањето на Антиинфлационата програма, се постигнаа соодветни позитивни резултати. Позитивните движења кои што се за жал, беа присутни само во првите два - три месеци од нејзиното остварување, се манифестираа, пред се, во доменот на значителното забавување на интензитетот на инфлацијата, потоа нивото на јавната потрошувачка, движењето на девизниот курс на

денарот и др. Така на пр. главно со примена на рестриктивна монетарно – кредитна политика се овозможи растежот на инфлацијата од 86% односно 72% во април и во мај оваа година, да се сведе на 17% потоа 8,3.и 6,6% во месеците јуни, јули и август 1992 година.

Во доменот на јавната потрошувачка во периодот јануари и август оваа година приходите се остварија на реално пониско ниво од 43%, во однос на истиот период минатата година, што е скоро два пати повисок пад од утврденото со антиинфлаторната програма. Дури и динамички тие се остваруваат на пониско ниво од дозволеното право  согласно законот, што укажува дека јавната потрошувачка, стабилизационо влијаеше врз цените и паричните текови. Дојде до стабилизирање на девизниот курс на денарот, така што многу бргу се изедначија официјалниот курс и оној кој постоеше на таканаречениот црн пазар. Сосема е јасно дека нашата состојба, пред се на економски план, повеќекратно е усложнета.

Дозволете ми само низ неколку параметри да ја илустрирам ситуацијата во која се наоѓаме. Вкупниот општествен производ во Републиката во последните неколку години има постојана тенденција на драстично опаѓање. Ако во 199 0 родина неговото реално намалување изнесуваше 9,5%, во 1991 година 14,6%, проценките за оваа година се катастрофални, дополнителни 20%. Апсолутната големина на општествениот производ од 3,1 милијарда долари колку што се проценува дека ќе изнесува на крајот од 1992 година. Слична е состојбата со општествениот производ по жител.

III/1 лк/вц

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (продолжение)

Во периодот април - јуни оваа година дури и исплатата на платите се остваруваше во рамките на предвидувањата со Антиинфлаторната програма и со донесениот Закон за плати во тие рамки. Уште повеќе, заради неповолната финансиска состојба кај значаен број од стопанските субјекти во глобал се исплатуваа и плати пониски од оствареното право, со тоа што се одлагаше исплатата на разликите или на дел од неа за наредните месеци. Во овој период, исплатените плати по работник беа пониски за околу 14% во однос на правото. Може да се каже дека вакви релативно задоволителни почетни резултати во спроведувањето на Антиинфлаторната програма се остварија во услови на изостануваше на определени претпоставки за нејзина реализација, а пред се финансиска поддршка од странство во износ од околу 200 милиони долари. Ако се сеќавате, тоа беше предвидено во програмата која ние како Парламент во тоа време ја усвоивме. Потоа, ниското ниво на девизните резерви, недоволната понуда на определени производи и прекинати врски и деловни односи со партнери од поранешниот југословенски пазар, недоволен обем на средства за реализирање на социјалните програми и др. Сепак, оценка е дека најсериозен удар и дефинитивно напуштање на пара- метрите утврдени за основните «номинални сидра на програмата се направи со измените и дополнувањата на Законот за исплатата на платите, дивидендите и другите надоместоци на вработените во текот на месец јуни 1992 година. Како последица на зголеменото право за исплата на платите во стопанството и особено во нестопанството дојдело ков повисок пораст на цените, така што во месец септември е остварен пораст од 16% нагло зголемување на девизниот курс на денарот на таканаречениот црн девизен

пазар при што вредноста на германската марка го надмина износот од 600 денари, а во препродажбата на девизните права помеѓу стопанските субјекти достигна износ од над 800 денари или таканаречениот штицунг.

Почитувани пратеници, економско - финансиската состојба во која сега се наоѓа Република Македонија во услови на разни ограничувања и блокади во надворешно - трговската размена и во работењето на стопанските субјекти, потоа пробивањето на основните елементи на досегашната Антиинфлаторна програма и неповолните тенденции што може да се очекуваат од тоа влијае новата Влада на Република Македонија уште во престапното експозе да навести определена програма односно зби]ѓ> на мерки кои ќе значат напор за ублажување на неповолната состојба во стопанството и нестопанските дејности и создавање на почетни, услови за воспоставување на макро- 'економска стабилност по пробивањето на основните номинални сидра на Антиинфлаторната програма.

За денешната седница на Собранието на Република Македонија Владата предлага такви мерки на економската политика кои во основа имаат стабилизационен карактер и повеќето од нив се однесуваат до крајот на оваа година. Мерките што Владата на РМ ги предлага, односно што дел од нив ќе ги донесе самостојно во рамките на својата надлежност, во основа може да се групираат во три подрачја.

Во првото подрачје се содржани мерките со кои всушност се предлага усогласување на номиналните сидра на Антиинфлаторната програма во второ го подрачје се опфатени другите мерки на тековната економска политика, додека во третото подрачје се системските закони кои се од

значење за остварување на дополнителните мерки на економската политика и ќе треба да се донесат во што пократок рок иако во основа имаат подолгорочен карактер. Бидејќи тоа е веќе во надлежност на Собранието на РМ во името на Владата на РМ јас апелирам и се разбира во рамките на надлежностите и ингеренциите на Владата инсистирам Собранието на РМ да ја забрза процедурата за донесување на системските закони од сферата на економската политика кои имаат несомнено голема важност доколку сакаме овие мерки, пакет на мерки што денес ги донесуваме да не бидат само мерки со краток здив, без за тоа време да се создадат некои предуслови за натамошна радикализација на економските реформи.

Во рамките на првата група на мерки, односно прилагодување на номиналните сидра на Антиинфлаторната програма и понатаму како едно од основните номинални сидра останува остварувањето на монетарно - кредитната политика. Притоа, предложена е нова проекција на кредитно-монетарните движења заради усогласување на монетарните агрегати со досегашните остварувања и проекцијата на основните макроекономски показатели до крајот на годината. И со новата проекција се предвидува основен показател на следењето да биде паричната маса, под контрола ќе биде и растежот на нето домашната актива и кредитите на деловните банки и на Народната банка на Република Македонија.

Степенот на рестриктивноста на монетарните агрегати до крајот на годината ќе биде поблаго утврден од остварениот во изминатиот период од оваа година, пред се, заради структурата на стопанството и сезонскиот карактер на земјоделското производство.

Тука само да напоменам дека далеку поблагопријатни беа условите гледано од овој аспект кога ја донесувавме Антиинфлаторната програма во април месец, имајќи предвид дека пред нас се најголемите активности во однос на земјоделството, откупот и есенската сеидба.

Ќе се продолжи со селективното кредитирање на определени намени во земјоделството, залихите на пченица, откупот на сончогледот, шеќерната репка и подготовките за*есенската сеидба и за извозот на стоки и услуги со кои се обезбедува девизен прилив во Републиката.

Согласно новата проекција на цените, Народната банка на РМ ќе ја усогласи и есконтната стапка до крајот на годината.

Значајни нарушувања при пробивањето на номиналните сидра на Антиинфлаторната програма настанаа и во доменот на цените. Затоа заради спречување на нови хиперинфлаторни движења се предлага отстранување на диспаритетите кај цените на определени производи и услуги кои сега ќе се наоѓаат под непосредна контрола, со тоа што тие повторно ќе се замрзнат до крајот на годината. Во оваа група на производи и услуги спаѓа преносот и дистрибуцијата на електричната енергија, ПТТ услугите, прометот на мало со нафтени деривати, производството и дистрибуцијата на вода, пречистувањето и одведувањето на отпадните води, производството и дистрибуцијата на топлина и парно греење, комуналните услуги, гробиштата и погребните услуги, станарината, задолжителното осигуруваше на моторните возила, како и цените при производството и прометот на лебот, брашното и млекото. За сите истанати производи и услуги цените и понатаму ќе се формираат слободно.

III/5

Поаѓајќи од значајната разлика меѓу официјалниот и девизниот курс на денарот на таканаречениот црн девизен пазар со дополнителните мерки на економската политика се предвидува нов официјален курс на денарот при што за разлика од досегашниот модел курсот на денарот не се врзува само за германската марка туку се фиксира спрема кошница на валути. Заради одбрана на вака воспоставениот курс на денарот ќе биде неопходно да се обезбеди поголем обем на девизни резерви на Републиката односно соодветна финансиска помош од странство за што ќе бидат неопходни уште поголеми напори на сите структури во Републиката за надминување на постојните блокади зачленување на Република Македонија во соодветните светски финансиски институции.

Кај наредното номинално сидро односно кај движењето на јавната потрошувачка се оценува дека таа до крајот на годината ќе се оствари во дозволените рамки од најмногу 35% од општествениот производ иако заради одлевање на значаен дел од приходите поради непочитување на законските прописи се оценува дека оваа потрошувачка може да се оствари на پониско ниво. Сепак, заради присутните широко распространети појави на избегнуваше на плаќање на даноци, непријавување на вработени и други елементи на злоупотреби ќе се преземат мерки заради елиминирање на ваквото работење со значително зголемување на казните, потоа проширување на основата за гарантирање на обврските на приватните претпријатија, забрани за вршење на дејност во случај на неизмирување на даноците и друго.

Исто така, ќе се обезбеди и поефикасно функционирање на инспекциските служби во наплатата на данокот, а особено во наплатата на данокот на промет со тутунски преработки, нафтени деривати, алкохолните и безалкохолните пијалоци и кафето.

III/6

Исто така, ќе се изврши и строго селективна рестрикција на расходите по одделни намени и програми во рамките на ребалансот на Буџетот на Републиката за 1992 година. Исплатата на нето платите за септември 199 2 година и во натамошниот период ќе се врши согласно анексот кон општиот колективен договор кој деновиве го потпишаа претставниците на Владата на РМ, Стопанската комора на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија. Според тоа правните лица од стопанството ќе ги исплатуваат него платите за септември 1992 и натаму најмногу до висината на просечно исплатената нето плата по работник за јуни 1992 година зголемена за 65%, додека правните лица од стопанството чии плати се под контрола како и правните лица од вонстопанските дејности, нето платите по работник во овој период ќе ги усогласат со 90% од остварениот пораст на просечните нето плати по работник во стопанството во месецот за кој се објавени податоците. Најниската плата за септември 1992 година исплатена по сите основи за полно работно време ќе изнесува 61 илјада денари со можност за нејзино намалување доколку постојат тешкотии во работењето на претпријатијата, а дадена е можност правните лица кои исплатуваат пониска плата од утврдената да можат доколку за нив тоа е поповолно да утврдат вкупно средства за исплата на платите со примена на најниската нето плата помножена со бројот на вработените. Истовремено, фактички би престанале да важат одредбите од досегашниот закон за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката освен деловите кои се однесуваат на забраната на исплатата на дивидендите и исплатата на платите и другите надоместоци од нивниот пазар во бонови и во натура.

Во овој домен, Владата на РМ предлага и донесување на закон за посебен данок од платите и пензиите, со кој ќе се оданочува дел од нето платата од работен однос, односно пензија над износот од двократната просечна месечна плата во стопанството на Републиката за тековниот месец и тоа со ставка од 10%.

Почитувани пратеници, тоа се во основа дополнителните мерки кои всушност значат прилагодување на номиналните сидра на Антиинфлаторната програма кон новонастанатите состојби.

Во втората група на мерки на тековната економска политика пред се се мерки кои Владата самостојно ќе ги донесе, а се однесуваат на обезбедувањето на трајни и стабилни извори на девизни средства за набавка на сурова нафта и соодветна контрола при дистрибуцијата и продажбата, потоа мерки за регулирање на платниот промет, стимулирањето на извозот и на девизниот прилив, обезбедување на заштита на социјално загрозеното население при што ќе се иновира програмата и ќе се подигне социјално заштитното ниво со поедноставување на постапката за користење на ова право.

Од особено значење за поефикасно остварување на економската политика до„ крајот на годината е и донесувањето на определени! системски закони кои треба приоритетно да се донесат иако во основа имаат подолгорочен карактер. Во оваа група на мерки се пред се Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за обезбедување на средства од РМ за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните, Законот за продажба на општествените станови, Законот за концесии, Законот за стоковните резерви, Законот, за платниот промет, а паралелно со овие активности ќе биде потребно да се отвори и процесот на востановуваше на новиот банкарски систем во Републиката.

Од доменот на овие мерки односно закони за денешната седница на Собранието на РМ Владата предлага под итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнуваше на Законот за продажба на становите во општествена сопственост. Итноста на постапката се предлага заради потребата трансформацијата и забрзано приватизирање на општествениот станбен фонд, како и обезбедување на соодветен почетен обем на средства за сервисирање на долгот спрема девизните штедачи во Републиката. Со донесувањето на овој Закон се очекува да се обезбеди забрзана продажба на општествените станови со зачувување на нивната реална вредност и со истовремено обезбедуваше на поголема сигурност на купувачите на становите во периодот на нивната отплата. Притоа, се воведува поцврста обврска за донесување на одлука за продажба на станот односно остварувањето на тоа право во постапка пред надлежниот суд, се утврдува продажна цена на станот врз основа наіпресметковни бодови според критериуми што ќе ги определи Владата на РМ, а истовремено Владата ја утврдува и вредноста на пресметковниот бод, се намалува најдолгиот рок на отплата од 40 на 25 години, а на поинаков начин се регулира и уплатувањето и користењето на средствата од продажбата на општествените станови. Имено, се предлага за уплатените средства во Деловната банка РМ да издава обврзници кои Деловната банка ќе ги пренесе на продавачот, а Владата на РМ ќе ја утврди намената на средствата остварени од продажбата на станот. На овој начин, Владата на РМ сака да обезбеди определен обем на средства со кој ќе се овозможи и определено сервисирање на долгот на РМ спрема девизните штедачи, Затоа и со оваа програма па дополнителни мерки на економската политика но е предложен посебен закон за регулирање на девизното штедење на

граѓаните на Република Македонија туку целта е прво да се обезбеди соодветен квантум на средства кои и во сегашни услови се мошне скромни, а потоа да се предложи таков закон кој ќе обезбеди задоволуваше на потребите на девизните штедачи. Токму и затоа донесувањето на овој закон е само една мерка во рамките на сеопфатна програма за регулирање и сервисирање на долгот кон девизните штедачи, а во која ќе бидат вклучени соодветните ефекти од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, потоа продажбата на деловниот простор, за што Владата ќе донесе соодветни одлуки и др. Притоа, ќе може да се користат девизните заштеди не само на носителот на станарското право и на членовите на неговото потесно семејно домаќинство, туку и многу пошироко.

Почитувани пратеници, накратко тоа се основните елементи на дополнителните мерки на економската политика од стабилизационен карактер во крајот на 1992 година, што Владата на РМ ги предлага на ова Собрание.

На крајот ако ми дозволите само уште неколку реченици.

Во изминатите неколку денови можеше да се забележи дека Владата имаше отворен пристап и кон медиумите и кон јавноста во врска со пакетот на мерки кој го подготвуваше и кој еве денес е презентиран пред Собранието на РМ. Дури, имавме прилика да слушнеме разни коментари дали таквиот отворен пристап е сосема вред.

Кои беа причините така да се однесуваме како Влада?

Ситуацијата во која се наоѓаме навистина е исклучително тешка и нас ќе очекува една во голема мера. неизвесна зима. Досега во светот па и кај нас во минатото се донесени многу антиинфлаторни и стабилизациони програми. Најчесто не успевале или биле пробивани пред да се постигне

целта. Само еден мал дел од нив успеале да ги постигнат своите цели. Притоа, кога ќе се направи анализа на тие стабилизациони програми кои успеале ќе се види дека кај сите нив минимум исполнети се три услови. Прво, благопријатно опкружување, второ финансиска поддршка од странство и трето, општ политички и социјален консензус околу таа програма. За нашето опкружување веќе говорев од почеток и мислам дека на сите ни е добро познато дека во иднина тоа многу брзо ќе се измени. Финансиската поддршка од надвор досега из*остана и навистина со оглед на процесот на меѓународното признавање на Република Македонија е во крајна мера неизвесно кога и во колкава мера може да се очекува финансиска поддршка од надвор. Оттука произлегува дека единствениот столб на кој можеме да се потпреме е општиот социјален и политички консензус околу овие мерки. Тоа беше и причината зошто Владата за разлика од времето кога се донесуваше претходната антиинфлаторна програма не се обиде сферата на платите односно потрошувачката да ја регулира со закон, туку низ преговори со социјалните партнери со Стопанската комора и Синдикатот на Република Македонија за нас се најде решение кое ќе биде прифатливо за сите три' социјални партнери. Се надевам дека и овде во Собранието на РМ ќе успееме да обезбедиме една широка политичка поддршка и консензус околу овие мерки бидејќи навистина доколку искушенијата што ни ги носи претстојната зима не ги дочекаме со избилансирана и урамнотежена состојба и во стопанството и вонстопанството постои голем ризик да дојдеме во една ситуација на еден потполн хаос и распад на системот на РМ.

III/11

Владата ќе биде отворена за сите предлози кои ќе одат во правец на подобрување на мерките што ги предлага, било по однос на конкретни закони, било на пакетот мерки во целина, сето она што со аргументи ќе се прикаже како подобрување на овој пакет на мерки, ние како Влада ќе го прифатиме. Меѓутоа уште еднаш би сакал да ја нагласам потребата од еден широк консензус околу оваа програма.

IV/1/CJ/OM

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани народни пратеници, не сум песимиста,но ќе си дозволам да предупредам дека просторот за можни грешки е целосно стеснат. Не само што не смееме грешки во економијата, туку и не ќе можеме да правиме ако ја загубиме целината на економската политика со социјални немири, општа демотивација и дезориентација. Затоа сметам дека ја имаме последната можност за стабилизација со подносliва општествена цена која мора да ја плаќаме. Верувам, Владата длабоко свесна за задачата што ја има, за што говореше претседателот на Владата мора до крај да навлезе во секоја пукнатина на нашиот економски организам да оствари таква оперативност каков што бара оваа болна економска ситуација. Ја нагласувам оперативноста бидејќи несомнено антиинфлационата програма донесена во април оваа година пропадна не заради концептуалната поставеност туку заради нејзината опeрализација, како што рече и претседателот уште на почетокот се изврши пробив на одделни номинални сидра, а освен тоа не се обезбеди ни планираната финансиска поддршка. Се отворија диспаритети во цените, во платите, во курсот и сл. што беше сведено со незадоволство на вработените од различни дејности.

Оттаму измената на Законот за платите што најчесто се апострофира како основна причина за неостварување на антиинфлационата програма повеќе беше последица на острвените диспаритети. Уште со донесувањето на оваа Програма уште повеќе влијаеше на нивното продлабочување и на зголемувањето ка инфлацијата. Предложените дополнителни мерки на економската политика од стабилизационен карактер кој што во себе содржат мерки за усогласуваше на номиналните сидра на

антинфлационата програма претставуваат неминовност и треба да се подржат бидејќи доколку не бидат прифатени тие ќе се претворат во спротивност без можност за воспоставување на некаква макроекономска рамнотежа во општествената репродукција. При тоа, оствareниот пристап во мерките ќе биде реализиран доколку се обезбеди усогласување на номиналните сидра на антиинфлационата програма да биде истовремено следно и со примена на дополнителни мерки на економската политика и посебно со донесувањето на неопходните системски закони кои единствено може да претпоставуваат основ за воспоставување на новиот стопански систем во Републикава.

Поаѓајќи од ова би укажал на неколку начелна прецизни сугестии:

Прво, сметам дека успехот на дополнителните мерки на економската политика ќе зависи пред се од нивото на нивното натамошно осмислување и операционализација како и комплементарно остварување. Дозволете ми да посочам еден пример кој што го имавме и во предходната пракса. Во материјалот се наведува дека заради острвување на нивото на цените на производите и услугите кои се под непосредна контрола ќе се изврши соодветна корекција со одлука на Владата. На оваа мерка ние априори даваме поддршка, но в6 операционализацијата може да се случи управувањето на диспаритетите да го амортизира постигнатиот договор на платите преку порастот на нивото на трошоците што секако ќе значи отворање на нови диспаритети, а со тоа и нови незадоволства. Верувам дека не само низ овој пример може да се согледа потребата од комплементарниот пристап во спроведувањето на предложените мерки.

Второ, неопходно е да се обезбеди применливост на мерките на сите субјекти без разлика на видот на сопственоста, во спротивност дејството на

IV/3.-

предложените мерки во голем обем ќе биде остварено во претпријатијата со општествена сопственост заради организацијата и технологијата на работа и постојниот систем на евиденција и контрола. Во приватната и мешовитата сопственост отсуствува евиденција и контрола врз пазарни основи и затоа овие мерки би можеле да го девалвираат по својот ефект.

Трето, сметам дека Владата треба што поитно да преземе мерки за спречување на сите облици на сива економија, на нелегалниот промет, не плаќање на даноци, придонеси и други давачки, Спречување на финансиската недисциплина, нелегалните девизни трансакции како и евидентираше на приходи по сите основи. Само со радикални зафати ќе се отстрани присутниот хаос во економијата, а особено во сферата на прометот. Во таа смисла неопходно е Владата да обезбеди доследно почитување на функциите на пазарот, како и преиспитување на работата на контролните, инспекциските служби, управите за приходи, царините, СОК со цел и тиеа да се организираат и оспособат за доследно спроведување на мерките на антиинфлационата програма. По мое мислење на пример е недопустливо приватниот сектор да учествува во вкупниот приход на Републиката со околу 19%, а во подмирувањето на обврските спрема општеството да учествува само со 2,2%. Аномалите се се поочигледни поради што Владата треба да преземе мерки овој проблем што поскоро да се реши.

Дозволете ми да дадам и некои конкретни сугестии што Владата треба да ги има предвид во конечното утврдување на предложените мерки, а уште повеќе во нивната операционализација.

Прво неспорејќи ја потребата од соодветна рестриктизност на кредитно монетарната политика и нејзината селективност во однос на пласманите од примарната емисија, сметам дека таа не треба да го доведе во прашање поттикнувањето на производството во целина, а особено

намените во земјоделието, извозот на стоки и услуги. Преголемата рестриктивност мора да предизвика контрапродуктивен ефект. Од друга страна треба да се подвлече дека сегашната неповолна структурна паричната маса што се изразува низ подеднаква застапенсот на жирални пари, пари во прометот крајно неповолно влијае врз мобилноста на паричната маса и острвувањето на целите на кредитно монетарната политика. Оттаму ценам дека е недоволно залагањето во мерките само чекот да биде облик задолжителен на безготовинско плаќање туку треба да се заострат сите други мерки и се стимулираат сите други инструменти познати во земјите со. развиена пазарна економија.

Второ, се залагам и за преиспитување на обемот на зафаќањето од девизниот прилив што сега изнесува 30% и е дестимулативен поради што поголем број стопански субјекти девизите не ги внесуваат во земјата, а преку компензациони работи се увезува се и сешто. Оценка е доколку се обезбеди реален курс на денарот и се намали процентот на зафаќањата приливот во средствата што по овој основ односно по основ на извозните работи би се зголемил, а со тоа за посебните намени, за што и бројни стопанственици укажуваат.

Трето се залагам предлогот за смалување на тарифите нај платниот промет што е нагласено и во програмата да не се однесува, само на СОК туку и на другите носители на платниот промет и тоа на банките, ПТТ системот со што би се намалило оптоварувањето на стопанството со давачки, ако и со преиспитување на каматите на деловното банкарство и на провизиите што ги наплатуваат за своите услуги што ги вршат како спрема граѓаните така спрема стопанските субјекти.

Четврто, неопходно е отстранување на диспаритетите на цените што се под непосредна контрола, но тоа да го предизвика спротивни ефекти како што веќе истакна, односно нивното ниво да не ги девалвира основните цели на економската политика. Во таа смисла треба уште еднаш да се

преиспита, дали, во предложените производи и услуги треба да биде вклучена и станарината имајќи предвид дека се определуваме за предложениот Закон за продажба на општествените станови, а се чини дека едното решение е контрапродуктивно на другото Очигледно е дека сегашното ниво на станарините не го обезбедува ни тековното одржување на становите, а уште помалку проширената репродукција. Или да бидам појасен. Претпоставувам дека сите сопственици на приватни станови по оваа цена на станарина би прифатиле да се одржуваат и нивните станоци. Поради*тоа е потребно во најскоро време да се укинат СИЗ-овите и да се трансформираат во соодветни организации за одржување на станбениот фонд бидејќи дефакто во отсуство на било каква елементација за нивно финансирање всушност се оди покривање на трошоците на гломазните апарати кои што работат во овие СИЗ-ови.

Против сум, и се залагам исто така да се направи селективен пристап на нивото и на социјалните групи на кои може да се определува лимитирање на растот на станарината во минимален обем а за сите останати работни луѓе и граѓани да се одреди реална станарина и да се стимулира на:овие општествени станови.

Петто, доведувајќи :ја во прашање потребата за ограничување на јавната потрошувачка до крајот на годината се залагам во програмата decidно да стои дека Владата целосно ќе се ангажира и дека ова ограничување тешко би можело да се оствари доколку ова едновремено тоа не биде следено и со рационализација на општествените дејности на сите сегменти во управата.

Од друга страна сложените состојби во овие области од аспект на обезбедување на средства за нивните потреби. заради тоталната финансиска недисциплина бараат крајно заострување на станбената

политика посебно во даночната област, и тоа како во однос на зголемување на каматните стапки за неплаќање во утврдените рокови така и во озаконувањето по прилично дела на појавите на неплаќање данок. За што впрочем и пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија има предложени конкретни амандмани за зголемување на каматите за плаќање на данок и за прекинување на ваквите појави.

Седмо, сметам дека Владата треба да ја проучи потребата и можноста за воведуваше на посебен данок и на патни и дневни трошоци и репрезентација кои сега најчесто се користат кај одредени претпријатија за алиментирање на личните примања и одбегнуваше на плаќаше на данок.

Осмо, поддржувајќи го договорениот анекс кон општиот колективен договор како основа за исплатување на платите на вработените сакам да укажам на сериозноста на обврските што ги презедоа сите учесници во договарањето,а воедно се поставува и прашањето во која мера Синдикатот може да влијае имајќи го во предвид тоа дека е тој легитимен претставник на сите вработени, имајќи ги предвид штрајковите што сеуште с е присутни во Републиката на кој се изнесуваат барања спротивни на оние што се ;во анексот кон општествениот колективен договор.

Во овие рамки оправдано е покренато прашањето за опортуноста за носење на законот на оданочување на платите и пензиите што како предлог е прифатен од Владата на инсистирање на Синдикатот.

Имено се поставува дилемата дали ова всушност не претставува оданочување на одделна категорија вработени. при што нема да се имаат предвид дополнителни приходи на секој вработен граѓанин, а пред се ако не исклучиво овој закон се се однесува само на вработени кои обезбедуваат егзистенција само од плата.Имајќи ги предвид информациите

од Гевгелија, Валандово, Неготино и од Скопје кои говорат дека 50% од приватниците ако не и повеќе зимаат минимален личен доход и на своите сметки немаат никакви примања, а возат најскапоцени коли во своите џебови манипулираат со подтотини марки, што говори дека всушнсот ни минимални придонеси и давачки кон државата не остваруваат, целиот промет го остваруваат нис ќеш плаќање, не плаќаат ни данок на промет и сега ќе бидат ослободени исто од давачки за личен доход кои својот доход си го земаат низ разни патни и дневни и репрезентации кои што ги користат, а се ослободени во овој период.

Во врска со Законот за продажба на становите во општествена сопственост, претпоставувам дека Владата е свесна дека тој е единствениот и во сегашна состојба реален извор на средствата за поддршка на антиинфлационата програма и за разрешување на дубиозите со девизните штедни влогови на граѓаните и нивното делумно разрешуваше

Поради тоа во конкретната операционализација треба крајно претпазливо да се преиспита пристапи и обезбедив спроведување на основните цели на законот оттаму поддржувајќи го неговото донесување се залагам покрај обезбедувањето на средства од продажба на општествените станови да се овозможи и продажба на деловниот простор.

И, на крајот, радикалните промени што целокупниот економски систем и состојбите што ги создаде со примената на овие дополнителни мерки ја наметнува потребата да Владата во што пократок рок да предложи програма на социјална заштита на граѓаните што се доведени да користат средства за социјална заштита за обезбедување на нивна егзистенција.

Надоврзувајќи се на веќе изнесениот предлог и во програмата и од претседателот на Владата на крајот би сакал да укажам покрај групата на приоритетни закони кои треба да се донесат и кој  значајно ќе влијаат на

стабилизирање на вкупните односи ценам дека исто така во тој список треба да се вклучат и Законот за даночниот систем, Законот за претсметковниот систем, Законот аз трговското работење, Законот за надворешно трговското работење, Законот за девизниот систем, Законот аз банките и сл.

И на крајот уште еднаш би потенцирал дека суштинска претпоставка за остварување на овие мерки е перманентно следење на операционализацијата и практичната реализација како на овие мерки така и на ефектите од нив со цел тие во да се дополнуваат и отстрануваат негативните ефекти што отсуствуваше во острвувањето на претходната програма. Со тоа се обезбедува нивна поголема конзистентност на остварувањето на позитивните ефекти во стопанството би се обезбедило постигнување на релативно . поголема макроекономска стабилност во општествената репродукција.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас оваа можност за дискусија ја сфатив како изнесување став по излагањето на претседателот на Македонската Влада и ќе се држам до тие рамки. Излегов со намера да реагирам на непримерноста на едно излагање од Владата заради тоа што повеќе се обрати со политички декларации на овој Парламент наместо до обраќање што личи на институција на извршна власт и сметам дека господинот претседател во најголем дел во своето излагање практично изнесуваше политичка поддршка на партијата на која што припаѓа и на владејачката коалиција, но со политичка позадина. Ние:не слушнавме конкретно за зафати или оние кои што беа наговестени не беа на таков начин убедливи да внесат сигурност дека во наредников период до крајот на 1992 година оваа Влада е способна навистина да направи некои позитивен помест.

Лично сметам дека Владата и управата не треба да се занимаваат со политика, тоа треба да го остават на Собранието и на политичките партии.

Исто така протестирам особено на делот каде што премногу акцент повторно се ставаше на војната во Босна и Херцеговина, за тоа веќе сум изнесувал свое барање, а се приклучувам и кон другите гледања, во тој правец што во последно време биле изнесени и од други субјекти дека во Македонија мора да престане таа политичка манипулација на обесхрабрување на македонскиот народ и намуртување на сите креативни иницијативи со заплашување од можна војна. Владата мора да има јасен став, кој што мора да биде противречен уште веднаш при своето излагање овде во Парламентот како што е она што беше искажано дека во Република Македонија е договорено дека најниска плата 61.000 денари, а веднаш во продолжение на реченицата, а може и пониско ако има тешкотии. Па тогаш што е договорено? Што им е, кажано на луѓето што се заинтересирани за минимум стандард во Македонија. Каков беше тој договор што Владата со другите партнери го постигна? Практично ништо не е,договорено. Или, Владата да се оправдува заради рушењето на антиинфлациоанта програма која што беше донесена во претходниот состав заради тоа што овде македонскиот парламент изгласа закон за плати кои што директно ја сруши та програма. Па, ве молам, токму владејачката коалиција го изгласа тој закон. Сега од што бегаме. Од која одговорност. Или прашањето на доверба. како можеме да веруваме во тие луѓе кои што сега се наоѓаат во Владата и воопшто во составот дури и во составот на Парламентот што ја претставуваат владејачка коалиција за едно такво лицемерно однесување.

Се на се јас сакам да констатирам дека ниту пристапното излагање на минатата седница, ниту ова денес, ниту материјалот кој што ни е поделен не внесува никаков оптимизам дека оваа Влада навистина знае да ги оцени сите сериозни аспекти во кој што се наоѓа Републиката Би било трагично да нема оваа институција чувство на самоодговорност и на една добра проценка што може да направи, а што не, да не држи во заблуда да го добие тоа време што една Влада треба да го добие, но нема никакви симптоми дека таа е способна да даде одговор на потребите на Република Македонија. Јас би посакал уште денес на оваа седница да добиеме дополнителни укажувања кои ќе не убедат во спротивното од она што го искажав како резерва.

V/1 РД/ЉР

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас како што го разбрав претседателот на Владата г-динот Црвенковски бара консензус околу предложената Програма за економска стабилизација. Мислам треба на некој начин да се научиме, тие правила на игра меѓу партиски, парламентарни итн. да ги применуваме. Јас се согласувам да има консензус, меѓутоа, за одредени прашања: независноста на Република Македонија, барањето меѓународно признавање, сметам дека тука постои консензус, околу соочувањата на мирот итн. Меѓутоа, да се бара консензус од сите политички субјекти во ова Собрание за една програма за која и претходникот пред мене кажа дека е партиски коалициона програма, мислам- е дека: нецелисходно но веднаш ќе речам дека јас нема да гласам за оваа понудена програма на Владата и очекувам дека таа програма најмалку со 61 глас ќе биде прифатена од ова Собрание од коалиционите партнери, што на некој начин ќе Дадат елемент дека позади таа програма стојат повеќето од пратениците што се избрани во ова Собрание.

За мене беше индикативно што претседателот на Владата дека единствениот излез за стопанството во Република Македонија го гледа во престанокот на војната во Босна и Херцеговина и симнувањето на ембаргото спрема Сојузна Република Југославија, како наши традиционални партнери во економската размена. Меѓутоа, што ќе се случи ако војната во Босна и Херцеговина никој не може да предвиди кога ќе заврши, ако трае повеќе од 2-3 години и тоа ембарго према Сојузна Република Југославија |не се симне утре, туку после 2-3 години. Ние сме свесни дека и према Ирак се воведе ембарго, кое сеуште трае. За мене, според ова, Владата не понуди алтернативни решенија. Какви алтернативни решенија? Овде се спомна дека се бараат тие алтернативни патишта за пласман на нашите производи, за дотур на енергенси, т.е. на

нафта и нафтени деривати, а знаеме дека единствена шанса, иако немаме соодветна инфраструктура на патишта итн. спрема Република Бугарија, меѓутоа ќе напоменам дека овде од оваа говорница се поставуваа и пратенички прашања, повеќе од година и кусур дена што на времето и таа стара Влада, не се побара тој алтернативен железнички сообраќај на при,. пругата Бељаковци, Дуешево, јас сум посетил некои места во тоа подрачје. Пругата е трасирана господо, има и некои тунели направено итн., меѓутоа, не се најде за сходно за година и пол дена со една не верувам голема инвестиција, верувам тука и Република Бугарија ќе помогне, да тој алтернативен пат железнички на некој начин да се создаде.

Јас ќе напоменам дека Владата се замислува дека не се работи само за преживување на населението на Македонија, туку дека на некој начин ќе се придонесе и да се создаде постепен мал раст на производството во Република Македонија. Јас не се согласувам да ви кажам веднаш, тоа е ваше право, меѓутоа јас ќе речам дека мислам дека се работи токму за преживување на населението во Република Македонија. Како и на кој начин да се преживее ова време, кога не знаеме колку ќе трае дали година, дали две или повеќе. Се работи токму на тоа. Ви велам според понудените решенија не гледам дека ќе дојде до некој раст на производството и дека ќе се обезбеди пласман на македонски производи кои се исто не конкурентни на пазарот. Сакам да се задржам заради тоа што претседателот во своето експозе напомна дека со Синдикатот е постигнат некој договор околу анексно колективниот договор, меѓутоа, јас како пратеник и како кад 20 години работник во материјалното производство ме интересира тој Синдикат како интересна организација на работниците и другите вработени

склучува Анекс колективен договор единствен за целата територија на Република Македонија, а знаеме дека во странство такви колективни договори се склучуваат парцијално, т.е. по гранки, грандски синдикат итн., секој си има свои интереси. Еден е интересот во Електростопанството, во металопреработувачката индустрија, друг е во надградбата итн. Мислам тие не се спротивставени страни, си имаат свои интереси. Јас не гледам дека ќе има успех кон ова, за мене е индикативно дека е нешто направено, што е склучен тој анекс кон колективниот договор, изгледа дека е само едно помирување што го бараше Владата на тој начин да има еден мир околу штрајковите итн. Тоа од проста причина што ние навистина ние немаме дефинирана сопственост. Ние сеуште: имаме општествена сопственост, имаме некои акционерски друштва, мешовита сопственост итн., приватна сопственост имаме многу малку во вкупното учество на стопанството, каде што буквално тие колективни договори би требало на некој начин да се однесуваат да имаме работодавач, работопримач, само во приватната сопственост. Јас не гледам по кој основ, по кој Закон, под кој услови е склучен тој анекс на договор, меѓутоа, сигурно синдикатот знае подбро од мене, тоа е нивна работа, имаат членови кои можат да ги критикуваат итн.

Јас ќе кажам уште една, работа. За преживување ни е потребно големо вложување во земјоделството. Основата за преживуваше е храната. Ако ние не обезбедиме храна за година - две- три, да ми се случи како во времето на колекггивот, кога најпотребна беше исхраната на населението, се правеа некои работи кои на некој начин го уништија тоа наше земјоделство, свесни сме дека и сеуште патиме од многу проблеми кои тогаш се создадоа околу колектијзизација на земјоделството. Затоа единствено би и дал поддршка на Владата ако обезбеди големо вложуваше

во земјоделството, а на некој начин тие луѓе да ги поттикнеме да произведат храна, зашто храна некој може некој да ни поклони да речеме, брашно, жито, меѓутоа не може да ни поклонува континуирано 1-2-3. тоа не верувам дека тоа ќе го направи било да е тоа Америка или некоја друга по богата држава. Значи основа за преживувањето во овие услови е да се вложи во земјоделството и на земјоделците да им се овозможат задоволување на нивните максимални потреби. Зошто? Затоа што можеби ќе се најдеме во ситуација после година дена да немаме на населението да му понудиме и адекватна исхрана, а имаме ресурси, имаме услови, компаративни предности итн.

Уште една работа ми остави впечаток од излагањето на претседателот на Владата, тоа е на некој начин решавањето со проблемот на девизните штедачи, девизните заштеди кои се поголеми до една милијарда долари со едно решение за купопродажба на станови. Јас читав нешто и од министерот за урбанизам гледав дека нема да биде ништо ако едно семејство отплаќа месечно по 100 марки, а знаеме дека многу семејства немаат ни по 30 ни 40 марки, а камо ли да отплаќаат одредени станови кои сакаат да станат нивна сопственост, по 100 марки месечно. Со цените на становите доаѓа на некој начин дека некои луѓе се излажани. Имавме откуп на станови до 4 до 5 илјади марки сега ќе испадне за 30 до 40 илјади итн., што е нонсес, а се декларираме во Уставот дека сме социјална држава, па би потсетил дека една Франција е капиталистичка држава, меѓутоа има во таа во Уставот преку својот Парламент донесено закон кој на некој начин го штитат тоа социјално загрозено население. Ние каде сме тука? Се декларираме во Уставот, сме од еден период кој тврдеше дека најголем дострел на демократијата, тоа е таа социјалистичка демократија што сега сите ја напаѓале, меѓутоа, луѓето, сите ние се

навикнавме на некој начин оние социјални придобивки што ги имавме, на некој начин да ги задржиме. Не можеме на луѓето да им кажеме слушајте вие до вчера имавте социјални станови, а ние сега ќе придонесеме сите тие станови да станат приватни. Јас ќе ви кажам еден податок, меѓутоа дали е точен не знам, меѓутоа една Франција да има три и пол милиони социјални станови, и една Германија каде што станарините сега се покачија, меѓутоа, имаме и пониски станови, а ние од еден преоден период да речеме од еден извикан социјализам, кон пазарно општество, такви работи да не им пружиме на нашите граѓани. Мислам дека тука индикативно е тоа, не мора сите станови да бидат приватизирани, бидејќи имаме и стари лица, луѓе кои не можат да ги откупат становите, а ќе излезе дека нема кај да живеат. Имате фамилии кои ги немаат ни основните потреби да ги задоволат, а камо ли да плаќаат по 100 марки за стан. Сметам дека тука Владата би требало нешто да преземе. Верувам дека имаме уставна основа во Уставот дека сме и социјална држава. Затоа велам дека девизните заштеди на овој начин да им се вратат на граѓаните , не би можеле. Јас не знам дали нешто околу трансформацијата на општествениот капитал тоа ќе го кажеме, меѓутоа кога ќе дојде таа точка на дневен ред тогаш ќе дискутирам и ќе ги изнесам своите мислења.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, почитувани гости,

Дозволете ми на почетокот да констатирам дека како и секоја антиинфлациона програма, така и нашава, наиде на слични тешкотии во нејзиното остварување.

V/6.-

Впрочем во теоријата и практиката е докажано дека програмите или се остваруваат делумно, или не се остваруваат. Беше речено и во излагањето и на претседателот на Владата, а и од неколку дискутанти дека објективно таа наиде на тешкотии што го пречеа остварувањето, барем во онаа смисла како што беше концептирано.

Тоа нешто беше констатирано и на Комисијата за економска политика и развој на кое што беше оценето дека има потреба од донесување на дополнителни мерки на економскава политика од стабилизационен карактер во 1992 година, притоа констатирано е дека тоа претставува вид санација на веќе донесената програма што се остварува. Тоа значи продолжување на векот на таа програма, со цел да очекуваме подобри резултати до крајот на годината и во наредната година. Друго што е констатирано1дека овие напори што Владата ги прави, до тоа што се нуди нека претставува еден вид тајмаут, еден одмор за да подобро се договориме за нашето чекорење во наредната 1993 година. Во секој случај тоа беше оценето дека навистина е покорисно, отколку да се продолжи со истата програма без овие дополнувања што ги предлага Владата, со што во спротивно би продолжиле негативните трендови кои се евидентни, а од причини што и во материјалот и во излагањето на претседателот беа изнесени. токму заради тоа имаше голем број на предлози и сугестии и размислувања, што би можела Владата да ги има предвид при операционализирањето на мерките. Затоа и Комисијата и јас мислам дека треба да се поддржат и да се прифатат мерките што ги предлага Владата. Меѓутоа, нека биде овој повод да потсетиме дека Антиинфлационата програма што ние ја донесовме во април годинава. Мислам со самиот потег, со самиот зафат беше значаен потег зашто раскрстивме така да се каже, к со едни состојби создадени по размонтирањето на Југославија.

V/7.-

Би рекол дека уште истиот ден таа Антиинфлациона програма почна да се остварува, со тоа што ние се определивме за сопствена национална валута и со тоа ако не повеќе прекин на делувањето на голем генератор на инфлација, поради употребата на динарот. Меѓутоа, Програмата беше проследена и со поедини процеси што ги знаеме. Основните пропусти беа што се статираше со одредени тешкотии во формирање на личните доходи, особено во стопанството, па од една или од друга причина одлагање на рокот за усогласување на личните доходи, потоа на почетокот влијаеја и доста други ситни прилики, па заради тоа објективно во мај месец имавме повисока стапка на инфлација. Такви високи стапки на инфлација имавме, но многу пониски, но сепак повисоки од програмираната инфлација имавме и во наредните месеци. Можам да кажам дека на тоа може со право да се констатира дека битно влијание имаше примената на порестриктивна монетарна кредитна политика. Значи монетарниот фактор. Тоа да ва за право да се мисли дека како да биле монетарните фактори причина, па заради тоа со монетарниот фактор да се делува врз соборувањето на инфлацијата. Би рекол дека и пониските стапки на инфлација во јуни, јули и август, малку мораме заради објективност да кажеме дека беа резултат и на сезонските поволности. Но веднаш после прегрејувањето на побарувачката во август, септември веќе гледаме мало менување на спиралата нагоре што мислам дека е алармантен знак кој уште повеќе ја оправдува потребата од размислување за донесување на дополнителни мерки во оваа смисла како што се предлагаат од Владата што јас ги поддржувам во целост. Се разбира, дека тука треба да се има предвид дека не можевме да имаме „спектакуларни резултати. во соборувањето на инфлацијата, во зоспоствување на макроекономска стабилност, ако не направиме нешто повеќе во смисла на зголемување на производството.

V/8.-

Јас морам да кажам, а за тоа забелешка и упативме и на Комисијата дека барем декларативно или подецидно во мерките не е нешто поконкретно речено по ова прашање. Да се разбереме, луѓето од струката ќе речат дека без подобрена понуда не можеме да имаме и соборување и решаваше на проблемот на инфлацијата. А таа понуда не се создава на друг начин, освен со зголемено производство, со увоз се разбира, на стоки што ги немаме, но тоа претпоставува зголемено производство и за наши потреби и за извоз за обезбедување на потребни девизни средства, нужно потребни како за обезбедување на репроматеријал, така и за потребната опрема и иновации во производството со цел динамизирање на производството, и оттука зголемување на понудата.

Затоа мислам дека Владата ќе мора да размисли во острвувањето на мерките да понуди, да истражува и да понуди форми и начини како да се откачиме од една состојба на сериозна стагнација, и ако не повеќе барем да ги стопираме процесите на динамичен пад на производството што се евидентни барем за изминатите месеци, а се со единствена цел да се подобри понудата кое што по мое мислење не можеме да очекуваме подобри резултати на планот на соборувањето на инфлацијата и работењето нормални текови,. Ова дотолку повеќе што ние имаме иста или зголемена побарувачка на пазарот. Ќе се постави прашањето како да се оствари тоа. Факт е дека ние немаме сопствена акумулација, немаме ни девизни резерви, а не ние најдобра ситуацијата и со обезбедување на надворешна помош, поради познатите причини. Меѓутоа, мора да се искористат тие ресурси и материјални и човечки што ги имаме, а нормално тоа комбинирано. и со алтернативни решенија и алтернативни пазари како за снабдување, така и за пласман на готовите производи и услуги. Јас мислам дека тоа што во мерките на Програмата се истакна како пофлексибилен однос ка монетарно кредитната политика е значајно за поттикнување на процесот на производството особено за завршување ка откупот и за успешно извршување на есенската сеидба.

VI/1 ЈМ/СЛ

**ШАБАН ПРЕВАЛА**: (продолжение)

Меѓутоа, тоа е би рекол едно привремено, парцијално решение. Ние мораме да размислуваме за еден континуитет во нашиот однос кон производството и кон потрошувачката . Мислам дека залагањето за конечно донесуваше на системските закони стана доста сериозно прашање и би рекол дека ние сме во големо задоцнување со донесувањето на таквите закони. Јас мислам дека ако ние не побрзаме , ние ќе се судриме утре и со одредбите на Уставниот закон чиј дополнителен рок веќе истекува. Затоа јас мислам .дека со право на денешната седница се осврнуваме на ваквите сериозни прашања за да колку, толку, трасираме некои патишта за она што е акутно и актуелно, а што е можно побрзо после да се навратиме и за она што значи како системски закон и како однос за еден подолг период. Јас морам да истакнам дека ние сме во големо задоцнување со донесување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. И за чудо едно додека беше постапката околу донесувањето на тој закон, веќе имаме во нашите раце Нацрт на тој закон, за жал се чека на методологијата за проценка, па дури и на конституирањето на таа фамозна комисија за трансформација, мислам повторно консолидирање. Мое мислење е дека некои работи можат да се антиципираат, благовремено или со уредба, или со некои друг акт да се регулираат и да се извршат тие подготовки, така што кога ќе се донесе законот да не се чека сега врз база на тој закон, па нови мерки, бидејќи тоа само ја оддолжува постапката и го оддолжува процесот на трансформацијата. Меѓутоа, очигледна е потребата да ние освен трансформацијата на капиталот мислам и како држава и како граѓани мораме да се трансформираме и во свеста. Зошто ние ако се

определуваме да работиме во пазарни услови на стопанисување во услови на трансакција на стоки итн., ако се определуваме за акционерски друштва, а од друга страна се собираме пред зградата на Собранието да бараме решение за личните доходи, дури во услови кога одредени претпријатија се трансформирале во акционерски друштва, јас мислам дека тоа се своевидни парадокси. Затоа има потреба ние напоредно со напорите за трансформација на општествениот капитал мора , не би рекол тоа сега преку некои идеолошки пропаганди, но мораме да размислиме и сами себе да се градиме во таа смисла да го трансформираме и духот и да се однесуваме пазарно и самите., Само тогаш можеме да воспоставиме добар спој меѓу капиталот, парите и нашиот однос. Секако дека за некои работи да одат понормално мора да биде поефикасна и даночната политика и се што е врзано со нејзиното остварување. Токму заради тоа и заради причините што ги наведов погоре јас се залагам за тоа ние да не должиме многу, туку да ги поддржиме мерките што се предлагаат и истите да ги до-несеме со тоа што Владата во операционализирањето да води сметка за се она што е корисна сугестија и предлог за нивното остварување.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Господа, дами и пратеници, навлегуваме во една сериозна работа за економијата на нашата држава која е поврзана со надворешни и внатрешни фактори за нејзиното заздравување. Ние секогаш констатираме . Тоа како да ни е пракса и викаме дека констатиравме, а не преземавме ништо врз основа на таа констатација да излеземе и да го решиме проблемот на констатацијата. Како да нема причини да се решаваше овој проблем за

овие две години. Реков дека за да дојдеме во таква ситуација ја фрламе вината на надворешните фактори, а не толку на внатрешниот фактор кој влијаеше многу во економијата и во хаосот кој се создаваше полека , но сигурно. Ајде ние да ги напуштиме полека тие констатации и да навлеземе во суштината на проблемот како што тоа го викаат економистите. Јас не сум економист, и не треба човек да е економист па да осети богатство, или глад, немаштија. Поминаа доста месеци кога зборувавме и уште зборуваме дека кај нас настапи и се одвива хаос во стопанството со општ грабеж . Таа беше многу јака констатација со десет нерешени проблеми и така остана. Ако така продолжиме да констатираме и така да ги решаваме проблемите од нашите дадени во моментот насоки кон стабилизацијата на програмата од нашите еминентни стручњаци економисти, јас сум сигурен дека од ОВОЈ хаос нема да излеземе. Што е лекот? Но, не се нафаќа ниеден доктор да ја направи таа операција. Тоа е тешко. Тоа е многу тешко да поверуваш во вистината. Тешко е за многу од нас. И доктор специјалист не навлегува во една таква тешка операција да го реши проблемот на економијата. Секој од нас добро ја познава болеста, но наместо да ја долечува) и да ја лечи, ми се чини дека помага да се создава што поголема инфлација, а ќе ви одговорам зошто, и поголем хаос во сите стопански, општествени организации. Веднаш да го дадам одговорот. Знам дека продукцијата е: во распаѓање, акумулацијата на средствата не постои. Причината за тоа никој не ја побарал. Јас верувам дека кај нас постојат фактори, добри економисти, но никој од тие добрите економисти не навлегол во претпријатието по си го гледал џебот дали џебот му е полн или е празен, а државата нека пропаѓа, а работникот нека умира, а земјоделецот нека умира. И денес дами к господа стана истото. Ние не знаеме до каде ќе

стигнеме со инфлацијата, ниту оваа Влада, ниту претходната Влада, затоа што никој не одговара . Еден. еминентен доктор по хирургија пред неколку дена имаше еден разговор на третиот канал и многу убаво кажа човекот. Сега ме поттикна да го кажам тоа кога рекол дека во оваа држава не одговара никој. Господа од Владата и тоа е точно дека никој не одговарате пред народот и дури пред совеста. Тоа е тежок збор. Владата дали е моќна со овие записи што ги дава да излезе од инфлацијата. Ќе ви кажам зошто. Сезоната е на откуп на многу земјоделски производи. Дали на луѓето кои работеле во овој период 9 месеци да дојдат до тој жив производ, да дојде да му се исплати потта и трошоците околу бербата на тој производ, едноставно, или менаџерот го зема грозјето, ги зема пиперките, патлиџаните, житото, бербата и ги носи по складовите. Пари земјоделецот не зема. Нека ми потврди еден дека му се плаќа. Треба после да стават компензации од Влада, не знам од каде. Ќе се исплати производството после две години. Треба да размислуваме од каде ќе се најдат пари за да не падне човекот да му се земе производството, односно му се зело, да му го исплатиме производството, а потоа ние да направиме рачуница дали тоа производство ќе си го најде својот пласман каде што ние , бидејќи ние го откупивме, каде ние ќе го пласираме. И тоа е пљачка. Земи му ја репката, земи му го житото, земи му ги пиперките, земи му ги доматите, земи му ги лубениците, а ќе има да земаш. Кога? "на тутунот" што велат Прилепчани.

Овие прашања господа не сме ги решиле, или не сме во можност да ги решиме, или сме во можност да ги решиме, но не навлегуваме во уште една материја» Првата Влада. таканаречена стручна Влада, експертска Влада ја замени новата Влада." Јас сум го рекол пред време, господата си отидоа, ги напуштија фотелјите, дојдоа новите министри ги фатија

фотелјите. Никаква одговорност, никаков записник. Никаква одговорност и никому ништо , на никому ништо не рекле, не кажале што нашле во нивните фиоки, што нашле на нивните маси. Едноставно господата министри излегуваат на телевизија, даваат ветувања даваат разни верзии на економија, на политика инт., се частат по едно кафе, по една лимонада, со господата од телевизијата и си одат со колите дома. Проблемот не се решава така. Ве убедувам дека и оваа Влада со потезите кои ги зема. Јас сакам ќ&ко што кажа претходниот почитуван пратеник да ја поддржиме програмата и да -излеземе од овој хаос, но не сме моќни затоа што веднаш ќе ви одговорам. Кога реков на една од претходните седници, "дали имате пари во банките?", одговорија дека немаат. Веднаш го поврзав прашањето за девизите. Држава каде што се краде, држава каде што лажат, одговорно го викам тоа никогаш не може да има напредок. И министерот ќе биде понижен и пратеникот ќе биде понижен и претседателот на Републиката ќе биде понижен и секој ќе биде понижен, прво од својот народ, а потоа визата и верзијата која сака да ја спроведе надвор од државата за системот во кој владееме, не му врви, затоа што нема доверба.

Господине министре за градежништво, Вие -сте сигурно присутни на комисиите кога се расправало за итно продавање на станбените простори. Дали Вие направивте една убава математика. Рековте дека има 25 илјади станови за продавање. После ќе влезам малку и во пазарната економија. Кој станови се и какви се тие станови и кои живеат во тие станови и дали не направивте една друга математика да виците колку станови пред вас и пред претходната Влада се дадени на разни институции без пари, со 2000, 1000 марки тоа можеби марки од тие луѓе кои денес ги бараат, станови од 105 квадрати и малку помали. И сега само имаат оправдување стопанските

организации кои на своите работници од свој средства им купиле им дале станови. За нив секое почитување., Меѓутоа, сега ќе ги продавам становиве. Што да правиме со тие пари? Да им ги вратиме украдените пари на оние што работеа и лееа пот и крв во странство и да чекаат 25 години? Тогаш тие треба да живеат со орлите. Има луѓе кои се повеќе од 60 години. Тој треба да се моли на господ да има здравје како орел за да може да дочека да му се вратат украдените пари. Сега дали ќе се јави една друга работа?" Ако се направи една анализа дали сега истите луѓе кои влегле во трезорите на банките , не ја обвинувам оваа Влада, не само на девизните штедачи им ги зеле парите или не се тука замешани, уште малку порано со разни црвени, зелени, и не знам какви кредити кои само од каматите живееле, а парите ги правеле марки, а за жал тие нивни марки не се во нашите банки. Луѓе, треба малку поубаво економистите и Владата да ги разгледа и поднаитно да види кои станови ќе се продаваат, или Сакате да ги продадете становите на тие сиромаси кои живеат по 30-40 години во станот и на некој начин тие го имаат отплатено со тие ануитети, или кирии, а сега на тој човек треба да му го земе станот оној што ги земаше кредитите и оној што влезе во тие зелени кредити, ќе земе станбеното прашање иштување на оној што ќе му ги земеме станови по 5, по 10 и со тоа ние ќе речеме дека влегуваме во таа пазарна економија и ние сме тие луѓе кои го решивме и не. Тука оди кон социјални немири, оди кон  ги градеше становите. Или пак ќе речеме вака: на кого? на тие што дојдоа од некаде, на тие што ги носевме од источните земји, на тие што земаат минимална пензија, на тие ќе им ги земеме и ќе и ги продадеме становите.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (Продолжение)

Ќе им ги земеме становите и ќе ги продадеме. Реков дека тука ќе се јават оние кои имаат пари, а не се прашува Владата и ние од каде тие ги имаат тие пари. Од каде тие се обогатија кога немаат ни еден жуљ на рацете. Веднаш тука по ред доаѓа и третото прашање а тоа значи дека ќе ги фрлиме вистинските борци надвор на улица, ќе им овозможиме живот на разни луѓе од разни институции со џабе станови, ќе ги фрлиме работниците надвор и ќе им ги продадеме становите. И ќе го решиме станбеното прашање, ќе ја решиме пазарната економија. Не

Во светот, добро тие се економски појаки, во Шведска во :Германија итн., да им отиде уште толку народ ќе ги сместат затоа што прво, предвидуваат дали има место за тој што ќе дојде, да го згрижи во една станбена просторија каде не плаќа ништо.,

Сега доаѓа прашањето кое е многу тешко, а тоа е како ние ќе настапиме, како ние ќе ги продаваме тие станови и веднаш тука следува едно друго прашање а тоа е како ние ќе влеземе во пазарната економија за да акумулираме средства во банката. Веднаш тука доаѓа другото прашање под Б кој е тој доверител што ќе ни даде пари затоа што Владата предвидува дека во нашата банка! ќе се вложат и кредити ( 'од странство. При таква ситуација не можеме ние и не сме во можност да излажеме некого да ни прати пари и да вложи капитал во таа банка, затоа што капиталната индустрија кај нас господа е уништена, а јас знам за што зборувам кога зборувам за капитална индустрија. Зборувам за таа индустрија која со пот и со крв ја крадеа нашиот народ и работниците. И таа на некој начин е ограбена, И таа пропаѓа. Велиме да дадеме Стока, да земеме стока. Како ќе земеш стока кога немаш стока. Ќе ти дадат двапати

трипати и после ќе сопрат, ќе кажат тој лаже. Тоа е многу важно прашање како ќе го решиме и прашањето за таа наша капитална индустрија.

Пријатели пратеници овде ние ја прифатиме или не ја прифатиле програмата на Владата треба да имаме во вид една работа а тоа е дека без држава, што е најосновната работа нема економија. Без политичка стабилност нема држава. Две работи се по јачина кои ја чинат целината. Тие две работи веднаш не поврзуваат со соседите, со Европа и со подалечниот свет. Сакале или несакале ние тоа мораме да направиме. Се друго е ништо но, како што е ништожен и животот. Но, секој остава поколение кое треба да живеа, да гради да создава, да игра и да пее, а не да плаче. За жал, нека ни простори претседателот на Собранието ние заборавивме да ја направивме државата за овие две години.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Пред нас денес имаме еден документ - дополнителни мерки за економската политика со стабилизационен карактер за 1992 година.

Јас само сакам да потсетам во почетокот на мојата дискусија дека Собранието на Република Македонија расправаше по документот економска политика за 19 92 година и во самото заклучување на таа расправа наидовме на еден спорт околу самиот третман на овој документ пред Собранието бидејќи од поранешната Влада тој документ пред Собранието беше доставен само во функција на запознавање.

Комисијата за стопанство интервенираше и бараше документот да има карактер на тој начин што Собранието по него ќе се произнесе, да може да интервенира во делот на мерките кои во тој документ беа предложени.

Јас во оваа прилика ќе потсетам на основните задачи и цели кои произлегуваат од овој документ, иако ова Собрание не го прифати како свој документ, туку остана за реализација на Владата со натамошна негова операционализација.

Основните пунктови во делот на обврските што произлегуваат од тој документ, а денес ние имаме мерки за негово дополнување беа забавуваше на интензитетот на падот на производството. Имаме веќе информација и во воведното излагање претседателот на Владата дека не само што не е сопрен падот на производството туку тој веќе има тренд на зголемување, а за осумте месеци има забележано пад на производството индустриско за 30%.

Второ, создавање на услови за снабдување на населението со витални производи за живот и стопанството со суровини и енергија.

Прашањето за снабдувањето на населението со виталните производи не е толку изострено, но прашањето за снабдувањето на стопанските суровини е веќе во една загрижувачка состојба.

Трето, со зголемување на извозот и одржувањето на надворешната ликвидност. Морам овде да потсетам дека и во мерките, а Комисијата за стопанство, на крајот ќе укажам, предлага посебна мерка во делот на мерките што треба да произлезат за зголемување , на извозот, посебно во уредуваше на односите во платниот промет. Сметам дека неоправдано и во самите материјали, посебно во делот на документацијата самата администрација упатува на одредени проблеми за следење на состојбите посебно во делот на излезот од причина што и досега постоеја најверојатно можности за реорганизација, барем во тој дел на администрацијата. за следење на делот на односите со странство.

Четврто, обезбедување на социјалната заштита на населението. Сметам дека сите овие пунктови беа предмет на една иновација и со самата антиинфлациона програма за која Собранието посебно се произнесе и ја прифати како своја.

Логична е реакцијата на Владата дека за преостанатите три месеци не може да се извлечат проценки за сериозни зафаќања во делот на спроведување на реформите на стопанскиот систем. Оттука логичен а повеќе би рекол сега и изнуден е пристапот за дополнуваше на мерките на економската политика за 1992 година што посебно ги образложи претседателот на Владата за сите тие три подрачја. Јас посебно ќе потенцирам дека приоритетите во делот на овие мерки посебно треба да се подржат со можеби донесување и на одредена оперативна програма за работа и на Собранието, од причина што веќе месец дена ние не работевме, а сметам дека во наредниот период нашата работа треба да ја сведеме далеку пооперативно и во функција на она што денес ќе ви донесеме, посебно во делот на донесување на системските закони, посебно на законот за трансформација на постојниот капитал.

Комисијата за стопанство поддржувајќи ги ,дополнителните мерки на економската политика за 19 92 година посебно укажува на потребата од оперативно следење на проблемите кои дејствуваат ограничувачки во материјалното производство. Сметам дека доста стопански субјекти се наоѓаат на еден крстопат каде да се обратат за одредени свои проблеми. Оттука можеби и оперативно едно следеше на тие проблеми со кои се судираат стопанските субјекти заради нивно побрзо разрешување, обезбедување на елементарни услови за одвивање на стопанските активности кај сите стопански субјекти, проток на информации за одредени тешкотии кои го кочат производството. Ние сме сведоци дека секојдневно се менуваат одредени односи и во нашето опкружување, секојдневно се

донесуваат нови прописи а стопанските субјекти се судруваат со следењето на тие прописи со тие кои го кочат нивното редовно работење.

Само со запирање на падот на производството може директно да се влијае на висината на инфлацијата. Се додека не се обезбедуваат најелементарните услови за отпочнување на развоен циклус и преструктуирање на стопанството, спроведувањето на реформите во јавниот сектор како еден од предусловите во санирање на вкупната состојба на стопанството. Посебно треба да се пристапи кон реформи во јавниот сектор. Сметам дека последиците од сегашните состојби крајно загрижувачки пред се се однесуваат на стопанските субјекти. во јавниот сектор, и во општата и во заедничката потрошувачка не е скоро ништо направено во делот на самата национализација. Сметам дека не можеме да се озлобиме од инфлацијата. Таа е тука и разорува, некогаш се сокриваше или покриваше бидејќи постоеја механизми за едно такво сокривање и покривање. Само за потсетување.

Со задолжувањето од странство во седумдесеттите и осумдесеттите години ние се сокривме и се покривме со една таква инфлација која беше присутна но ние не ја осеќавме. Со движењето на цените нагоре и со примарните емисии кои беа поттикнувани во осумдесетта до 87 година, исто така еден механизам се искористи и најновиот можеби момент да се тоа направи, ќе потсетам, најверојатно во овие три месеци ќе биде присутно. Тоа се дубиозите и неизмирените обврски спрема субјектите на самото стопанско движење.

Главниот генератор на инфлацијата е дефицитот во јавната потрошувачка. Ова стопанство со ова ниво и со овој пад не може да го покрие овој јавен сектор. Оттука по мене треба да се даде приорите' на реформи во јавниот сектор, посебно во областа на здравството образованието каде што одредени делови и од здравството и од

образованието можат веќе да се насочуваат во делот на функционирање нивно на пазарна економија на одредени делови да бидат како основа за задоволување на потребите на граѓаните.

Јас ќе се искористам и со еден документ што денес ни беше предочен а не беше спомнат ни во воведниот збор, а јас посебно ќе укажам а најверојатно ќе предложам, тоа е мој личен предлог' тој документ да се повлече и да се преработи, а тоа џ документацијата кој е приложена кон овие квантификации за дополнување на мерките за економската политика, од следните причини:

Со проекцијата на макро економската политика за 1992 година беше утврден општествен производ од 325 милијарди денари во кои беше квантифицирано учество од 16% на репродукцијата или на сто- панството за репродукција, сосема минимална но на некој начин да се одржи едно ниво на проста репродукција• 38% јавната потрошувачка и 46% личната потрошувачка.

И покрај тоа што тие квантификации знаевме дека се пореметени во месец април, со Антиинфлационата програма што ја понуди Владата тие се кванитфикации само со прифаќањето на Антиинфлационата програма ние ги прифативме како свои, се зголемија за двојно и се утврди општествен производ од 788 милијарди денари во кои беше квантифицирана блиску на појдовните основи 17% за репродукција, 35% значи за три индексни поени пониско од јавната потрошувачка и і 48% за сметка на личната потрошувачка.

Изненаден бев кога во процедура ни беше пуштен ребалансот на буџетот кој не се совпаѓаше ни со оваа квантификација на антиинфлационата програма, со квантификација од 202 милијарди денари или со пораст некаде од 10 до 15%. Добро е што се повлече од страна на Владата самиот предлог ребаланс на буџетот и сметам дека, а ние имаме и конкретен предлог по децидно треба да се разгледа уште еднаш секоја

партија на буџетот да се согледа за да можеме пред парламентот да расправаме мениторно за одредени квантификации на буџетот.

Мојата забелешка е на предлогот за дополнување на мерките во делот на утврдувањето и квантификацијата на општествениот производ 1655 милијарди денари со кој се предвидува и не се предвидува, нема квантификација за репродукцијата колку е, за јавна потрошувачка 27%, а ние како Комисија за стопанство предложивме да се уоквири ова 27% затоа што сметам дека е нереално ова предвидување, а Владата нека се усквири на овие 27% бидејќи така ги квантифицирала тие односи, а за буџетот е предвидено 220 милијарди денари или 13%.

Аналогно на ова веќе во процедура во јавната потрошувачка ние доаѓаат и одредени барања за покачувања на одредени стапки да тури и за одредени основи посебно на делот за финансирање на пензиите односно пензискиот фонд каде блиску на овие квантификации се> предлага и една таква основа. Праксата го покажа тоа, што ќе се стави на хартија лесно се спроведува и извршува во делот на јавниот сектор бидејќи таму механизмите се полесни за да се спроведе тоа бидејќи тоа се остварува на база на право. Оттука и сега ќе се оградам од она што ние го донесовме и често пати се зборува з а делот на она ! што е вина на Парламентот во делот на законот за ограничување  на личните доходи. Во парламентот се донесе одлука за ограничување на личните доходи до висина од 141% во рамките на средствата кои што ќе ги остварат тие што ги остваруваат средствата од јавната потрошувачка а не се рече дека се утврдува таа висина. Но за жал, тоа се спроведе така како се спроведе и дојде до пробивање на она што веќе е направено. Оттуку сметам дека овие квантификации треба да се повлечат за да и они не дојдат како право и после некои да се повикува на парламентот дека утврдил такви односи кои му обезбедуваат право за понатамошно финансирање.

VII/8.-

На крајот само уште две мерки што ги предлага како дополнителни комисијата за стопанство би ги прокоментирал затоа што двете веќе ги кажав, а тоа е дополнување на мерките во делот на точката 2.1. под точка 1, во ставот 3 во делот на утврдувањето на приоритетите за поддршка на земјоделието да се вклучат и финансирање на залихите на вино, тутун и ориз, од причина што како втор приоритет тие секогаш биле поддржувани од кредитно - монетарната политика и сметам дека не би требало во овој момент посебно кога е веќе екот на бербата, посебно на прибирање на оризовата арпа екот на откупот на грозјето, ние да оставаме слободен простор самите производители да бидат во неизвесност кога ќе им биде обезбедена исплата за продаденото грозје, а еден од претходните дискутанти веќе и зборуваше, така да овие квантификации треба да најдат место како втор приоритет со оние квантификации кои на некој начин веќе ги има иницирано народна банка да се подржат овие три култури затоа уште тие ни останаа кои можат на некој начин да бидат како производ кои може да обезбедат некои од кризните средства.,

**ПЕТАР ГОРГИЕВ**. (Продолжение)

Под итно да се уреди платниот промет со странско на сите стопански субјекти. Со право во Стопанска комора се забепежа и иритирани од една таква состојба, бидејќи не се во рамноправна положба претпријатијата сега од општествениот сектор од обласга на прометот со претпријатијата од приватниот сектор, поради тоа што не се во можност воопшто да се вклучат во платниот промет како тоа што го прави приватниот сектор, од тука и едно сигурно размислување под итно да се разреши прашањето на платниот промет со, прво, соседните држави, а после тоа и со другите, заради тоа што не се во можност претпријатијата од општествениот сектор да го прават тој прекршок што сега го прават приватните претпријатија И за да не дојде можеби до тешки последици, бидејќи еден заклучок во Комората е веќе присутен, до колку нешто не се направи претпријатијата од обласга на прометот веќе ќе престанат да го уплатуваат данокот на промет кој што тие сега го собираат и го плаќаат на државата.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, јас најпрво не од аспектот дека треба да се преиспитуваат некои дискусии со целиот респект на искажувања, мислам тука посебно и на господинто Митко Анастасовски, јас во целост се сложувам со дадените оценки и коментари, меѓутоа, лично сметам дека лошо би било ако работите ги генерализираме и ако сметаме дека за сите оние работи и пропусти за кои се зборуваше дека сето тоа е едно општо правило на однесување. Јас морам да укажам дека во повеќе средини и во повеќе претпријатија се прават крајни напори

во сегашно време на решавањето на многу сложените проблеми и дек^, тие сложени проблеми имаат еден значаен удел за ваквите состојби. не од аспектот на заплашувањето или оправдувањето, меѓутоа повеќе од аспектот на објективноста, а што е основа и за преземањето на сите понатамошни чекори што треба да престојат поради надминување на таквите проблеми, од основниот проблем да се обезбеди сировина, да се пренесе до производството, па до укрцувањето на стоката до бродот, до гаранцијата до сето она што го следи реалниот живот. Јас во тој контекст сметам дека заслужува внимание, не поради некои протокол, или поради некоја вообичаена методологија на искажување, напротив на една објективност, заслужува внимание и респект храброста на Владата во влечењето на овие достани потези, кои што апсолутно заслужуваат внимание во тој дел на изнаоѓањето на решенија. Ова, во тој дел, мислам дека посебно бара една многу голема одговорност и еден конструктивен пристап од нас пратениците како во оценката, така и во делот на понудувањето на одредени решенија и даваше на правци за излезот на сегашните, сложени проблеми.

Во контекстот на ова сакам да искажам и некои мои видувања како еден скромен придонес во делот на подобрувањето или компарирањето или изнаоѓање на одредени поповолни решенија, а од друга страна и во делот на осознавањето на ова што се нуди колку е објективното или можното во сегашниот момент. Ни најмалку со некои апетит дека ова што ќе го кажам дека е најумното и дека тоа е и најправичното. Мое убедување е дека во понудениот материјал од Владата има доста прашања кои што

заслужуваат внимание и тоа како времени мерки со кои ќе треба да се запрат одредени неповолни процеси сегашни или во надминување на одредени присутни проблеми. Мислам дека тие треба да бидат поддржани, бидејќи сепак претставуваат решенија на дел од сегашните состојби Јас во тој контекст само таксативно би ги набројал, определеноста на реален курс на денарот во контекстот на корпата на значајните светски валути, определбата да се застане на понатамошното зафаќање на стопанството како елемент за јакнењето на неговата материјална основа. Стимулирањето на земјоделското производство и на производството за извоз и со изнаоѓање на форми за поддршка како: од примарната емисија, така и со додатни средства во смисла на компензации. Определба за понатамошната трансформација на општествениот капитал, решенијата за изнаоѓање на средства за стимулирањето на девизните штедни влогови на граѓаните во смисла на менувањето на изгубената доверба и јакнење на довербата или повторувањето на довербата на граѓаните на делот на штедењето, а преку тоа и создавање на значаен потенцијал на евтини средства- кој што ќе треба да понатамошното ангажирање. Сепак, ќе мора да се каже објективно и одговорно дека повеќето од решенијата се поставени на една декларативна основа што беше искажано досега и јас потполно се сложувам и како определба и намера што треба повеќе да биде сторено, меѓутоа, не постои и не се нудат инструменти и систем за нивно отстранување. Се сложувам дека тоа треба да биде и потреба на едно опстојно навраќање на овие работи и претпоставувам. дека тие работи ќе бидат содржани дали во насоките или во определбите на развојот за 1933 година, што мислам дека треба да уследи. Така, декларативноста и

покрај вака употребливоста на одредените мерки кои се нудат мислам дека е општа карактеристика на понудените решенија на Владата„ Ова мора отворено да се каже, како што реков, не со злонамера, не со деструктивност, туку претпоставувам дека и Владата тоа го знае како една објективност за да не живееме ни Владата, ни Парламентот, па ни граѓанството дека со ова се излегува од криза или се надминуваат сегашните проблеми. Ова е дотолку повеќе потребно што реков и на почетокот што сегашните состојби во Републиката се исклучително сложени, посебно во делот на стопанството. Треба да се биде мајсЈтор да се изнаоѓаат решенија за полно нерешени проблеми. Од тие причини мора со мерките и со решенијата да се понудата оперативни решенија кои ќе бидат применливи и кој ќе донесат еден позитивен заокрет на сегашните состојби и проблеми.

Од друга страна, исто така, сакам да кажам дека се понудени само мал број на конкретни решенија, она што треба да се реализира преку мерките на Владата. Меѓутоа, за жал и во тие понудени решенија, според; моите сфаќања има решенија кои не одговараат на реалните потреби. А јас некои од нив ќе ги набројам.

Прво, определбата'.за рестриктивна кредитно - монетарна политика е нужност, меѓутоа, мораме да знаеме дека таа води понатаму кон забавување на стопанската активност, што мислам дека Владата се има соочено со тој момент. Тоа значи дека нема оживување на стопанската активност.

Понатаму декларативната определба .за ограничување на јавната потрошувачка и сведуваше на 35% од општествениот производ нема да ги

промени состојбите ниту ќе може да се реализира без радикален зафат во делот на веќе трансформираната поранешна структура на корисници од јавната потрошувачка. Тука, пред се, мислам на приклучените поранешни СИЗ-ови и СИЗ-овски апарати кон министерствата, гломазната управа и сл. што прави еден голем зафат и претставува голем баланс на јавната потрошувачка.

Понатаму, понудените решенија за платите, мислам дека не е добро решение. Добро е што создаваат можност на примена на општествениот договор, добро е што се нуди најниската цена на работната сила, меѓутоа, другите решенија не се добри, бидејќи тие ќе генерираат нови проблеми. Во многу претпријатија и средини тој дел на веќе најнизок загарантиран личен доход или најниската цена на работната сила е одамна постигнат. Според тоа, за тие средини ова не е решение. За тие средини е решение што ќе се понуди стимулативно за стимулирање на трудот, за стимулирањето на креативноста, на успешноста во работењето, на профитот и слично. Меѓутоа, во овој дел на понудените решенија тоа го нема. Затоа, мислам дека понудените решенија за платите го блокираат основниот принцип на пазарното работење, односно стимулирањето на креативноста, на успешноста во работењето, профитот и слично. А, несреќата да биде уште поголема се предлага и оданочување на платите со 10%. Ова решение е уште понеприфатливо, бидејќи ако веќе имаме еден лимит колку треба да биде најниската цена на работната сила, ако делот на распределбата е ограничен, тогаш нема простор за понатамошно стимулирање, а ако тоа иго зафатиме, зашто велиме она што е над просекот од две плати. Меѓутоа, кај креативни работници и кај подобрите претпријатија, тоа веќе ќе значи не

зголемување, туку ново лично оптоварување или зафаќање и на нестимулативниот на вработените во тие претпријатија и средини. Така, мислам дека ова ќе води на понатамошна пасивизација и гушење на активноста за едно работно ангажираше, стимулирање• и креативно ангажирање. на работната сила. Морам да кажам дека ова ќе има и пошироки реперкусии на стимулативното ангажирање на целиот креативен кадар и во Републиката. Мора Владата, иако ова е едно решение кое е прифатено со Синдикатот и со Стопанската комора,меѓутоа, во тој дел мора да се изоцени дали строго ќе застанеме на база јуни исплатено и 65% лимит. Да не го изгубам од предвид елементот одредените вентили каде што може нешто да се стори дали тоа преку извозот и сл. Меѓутоа, тоа е толку релативно што може би ќе направи и смешни показатели од нула реализација со извоз или прилив да се оствари 1000 долари, а тоа да биде 100 или 200% пораст, што мислам дека не претставува едно реално и објективно решение.

Исто така се слагам дека треба да се бараат и додатни решенија за потребните средства за Буџетот, за решавањето на социјалната политика, меѓутоа^ тие решенија треба да се бараат во зафаќањето на црниот бизнис, во доследното спроведување на законскиот инструментариум каде што има редица или бројни пропусти и одредени корисници на општествени средства поминуваат ни најмалку зафатени од тој инструментариум.

Затоа, предлагам: и сугерирам дека Владата на овие работи треба да посвети додатно внимание. Во тој контекст, исто така смета дека треба да се понуди и додатни постимулативни и решенија на ангажирањето на работната сила, на побрзото вртење на капиталот, на постигнување на

подобра економска соработка со целиот економски простор, односно мора Владата да продолжи со активности за создавање и обезбедување на услови за една подобра стопанска активност. Што за разлика сега да не кажам дека и е минимална или не постои.

Исто така, мислам дека Владата треба да ги преиспита и одредените решенија во смисла на либерализација или пак и укинување, пред се мислам на Законот за плаќање на депозит при патувањето во странство, како при вршењето на стопанска активност, така и во делот на проширувањето на можностите на граѓаните во обезбедувањето на одредени потреби кој ги бара секојдневниот реален . живот. Тука мислам на проширувањето евентуално на можностите кои што се содржани во член 4 од споменатиот закон.

Овде беше нагласено и мене ме радува што и Комисијата аз стопанство тоа го забележала, во делот на рестриктивната политика мора да се изнајдат поголеми простори за обезбедување на средства за квалитетен откуп на одредените производи кои што се собираат во оваа сезона, тука мислам пред се на грозјето и оризот. Мора во делот на користењето на примарната емисија како основа да биде користена откупната цена, а не некоја имагинарна цена која што досега беше присутна и не ги задоволуваше ни основните потреби.

Исто така мислам дека ние пратениците односно Парламентот треба максимално да се ангажираме односно да најдеме решенија за, усогласување и забрзување на донесувањето на акти пред се мислам на

системските закони во делот на стопанството што беше апелирано и од претседателот на Владата во делот на доизградувањето на стопанскиот систем. Овој другиот дел на успатните работи за кои досега губевме време, кои што сигурно значат исто така едно битност дали за државност, дали за симболите тоа да го препуштиме, сепак, на делот на една креативност и стручност на она што ќе значи како симбол на нашата Република, отколку да биде елемент на некои партиски надмудрувања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 1 час и да трае до 14,00 часот.

IX/1.- СС-ВБ

(Седницата со работа продолжи во 14,40 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Ве известувам дека работата на Парламентот ја следи господинот Родерик Вемпл, дипломат од САД. - (Аплауз)

За збор се јави господин Симеон Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници. Дел од она што сакав во мојата дискусија да го искажам беше искажано од претходните двајца дискутанти, претседателот на

Комисијата за стопанство каде учествувам во расправата и колегата Иванов, така што мојата дискусија ќе ја скратам. Ќе повторам дел до тоа што беше кажано како потребно да потенцирам одредени работи, пред се за проблемите во стопанството што сметам дека не се доволно детализирани во програмата што беше доставена и во воведното излагање на премиерот Црвенковски.

Сигурно дека мерките се неопходни како и сите што кажуваат, бидејќи беа изречени премногу констатации што укажуваат на тоа дека мерки се потребни. Нормално дека прашање е, барем по мое мислење, дали предложените мерки се тие што влеваат оптимизам за решавање на огромно присутните проблеми во стопанството или евентуално треба одредена корекција, дополнување, дали во Програмата или понатаму со одредени упатства итн.

Ќе се осврнам на неколку прашања.

IX/2.-

Ќе се осврнам прво на точката 2 и точката 5 кои сметам дека се во заеднички сооднос дадени во Програмата.

Точката 2 е кажано дека добар дел од цените ќе бидат усогласени, поместени односно зголемени. Сите тие кои се таму наброени сите ќе делуваат на поскапување на животните трошоци. Од друга страна во точката 5 се укажува на каков начин ќе се регулираат платите. Веднаш по мое мислење се појавува една неприфатлива работа затоа што практично се извлекува констатацијата дека со постигнатото ниво на личните доходи ќе може да се издржи и новото поскапување, или како овде се вели новото усогласуваше на сите животни трошоци и ред она другото што иде таму, вода, станарина, греење итн., сите овие проблеми.

Јас не го делам тоа мислење и сметам тека решението дадено во Анексот на колективниот договор во врска со платите не е добар. Не е добар од повеќе основи, бидејќи со Програмата се предвидува до крајот на годината инфлација повеќе од 100% или по месеци 16% за септември, 35 за октомври, 20 и 15, што се заедно е повеќе од 100%. А, во сферата на личните доходи;со Анексот се дозволува некое поголемо ниво за 10% од постигнатото, барем за стопанството. Се предвидува дека реалните плати ќе опаднат за околу 43% што исто така, со оглед на тоа, веројатно падот ќе биде и поголем на личните доходи и тој проблем јас вака сакам да го прокоментирам.

Со Анексот се постигна: најнизок труд да биде 61 илјада денари а не се дозволи поместување на другите остварени плати. Практично, сега имаме една ситуација просекот во Републиката на платите е 60 илјади денари, а минималната плата што се заговара и определена во Анексот е 61 илјада. Практично, имаме една максимална урамниловка и немаме простор за никакво поместување на оние работници кои вложуваат поголем

труд од другите а примаат минимална плата. Минималната плата, вообичаено за секоја организација е оние кои се занимаваат. со чистење итн. или најнискиот можен неквалификуван труд. Како да ги стимулираме работниците кои работат во смени, во недели, во бригаден систем, во јама, во трета смена итн. Тие практично треба да имаат исто толкави плати колку минималните. Со тоа сакам да кажам ако минималната плата е 61 илјада тогаш требаш да се дозволи некакво позначајно усогласување да може навистина да се направи одредена разлика помеѓу работниците кои работат поедностави и посложени работи. Тоа е сега најбитно.

Понатаму што сакам да искажам, многу се алудира во сите досегашни искажувања дека основен лост кој ја сруши досегашната програма е Законот за измена на законот за платите. Јас бев еден од покренувачите и поддржувачите на таа работа и одговорноста колку стои за таа работа подготвени сме да ја поднесуваме. Но, сметам дека поголем недостиг и поголеми проблеми во сферата на личните доходи се направи со одлуката на Владата или со Уредбата за користење или исплата на платите во нестопанството. Практично, таму се искористија одредени статистички податоци на кои јас и ден денеска не им верувам тоа е вистина. Понатаму, се искористи максималниот плафон што овде упорно се залагаме дека е како можност дадена во стопанството 50% а вонстопанството тоа го зеде како мерка и исплати лични доходи со тие 50% и плус усогласувањето од 61% за кое јас велам, мислам не беше коректно во однос на податоците што беа дадени, бидејќи беа земени податоци за платите во стопанството на оние организации што исплатувале редовни лични доходи или во тој момент исплатувале. Се заборави состојбата дека добар дел од стопанството немаше исплатено плати, добар дел од стопанството немаше по три месеци земено плати итн. Тие се испуштија од евиденцијата и се

доби тој фамозен процент, од 141%. Сега е права мака како на работниците во стопанството да им објасниме дека е тоа право и дека се сега усогласени со стопанството. Мислам дека тоа и не можеме да им го објасниме.

Понатаму, во оваа програма се заговара оданочување над две просечни плати остварени во Републиката. Не можам никако да се сложам дека е тоа мерка што ќе ја потпомогне Програмата. Никако не можам да се сложам. Ниту оној што го покренува тоа прашаше и со аргументите што ги образлагал дека е тоа некаква мерка дека навистина ќе помогне во Програмата, затоа што морам да кажам дека под овој удар, ако целта на покренувачите била дека незнам каков висок слој за кој често се вика дека се директори и администрација имаат високи плати, немам ништо против тие да се оданочат. Но, под оваа мерка ќе западнат сите директни работници кои работат во нешто потешки услови од други. Комплетно целото рударство. Пак ќе се повратам, работи во трета смена, работи под земја, работи во бригаден систем и треба на таа плата што ја зема да плаќа данок. Па, поради условите за работа има бенефициран стаж, уi таму платата најмалку 50 или 60% поголема од основната на другите. Ако се направи една основна математика дека 10% ќе му се зголеми платата по основ на овие мерки сега што се предлагаат со Анексот, а повеќе од 120 илјади колку е сега просекот на Републиката ќе му се оданочат, практично платата за наредниот месец ќе му се намали. Тоа е вистина, така што ќе има помала плата. Претпоставка, ако има 250 сега ќе има 240, затоа што повеќе зафаќа стапката на оданочуваше отколку она што ќе дојде како нова стапка. На тој дел имам амандмани и лично сметам дека Законот за оданочување на платите и пензиите не треба ва се прифати.

IX/5.-

Но доколку преовлада мислењето, имам амандман за тоа и сметам треба да се поддржи дека стопанството или директните производители не треба да бидат под удар на таа мерка. Инаку, ќе направиме уште поголем хаос од овој што беше во деновите пред ова.

Сакам да сугерирам дека според Упатството што се јавува околу исплатата на личните доходи да се предвидат пофлексибилни мерки за стопанството каде што би можеле на некој начин да ги усогласуваат барем делумно платите со она што ќе се случува и со инфлацијата како движење и сето она што се постигнува како резултат. Вакво замрзнување ако нема никакви други мерки дали е тоа од резултатот на работењето, дали е тоа од извозот или од постигнатите резултати, 6д трошоците на работењето, ако нема никаква мерка во постигнување на резултатите на организациите, тогаш доаѓаме во ситуација, народно кажана "јал -не јал триипол". Оној кој работи со тотална загуба и оној кој работи со некакви резултати во тие тешки услови, за ,што стана збор да не ги повторувам да земаат исто. Нема стимул, нема ефекти, нема морал и не може да се оди напред. Падот на производството нема да биде 22% како што се бележи статистички, туку многу повеќе.

Апелирам да се најдат можности во тој дел и платите да можат, спрема некакви резултати, колку толку да се усогласуваат. На крајот на краиштата ако некој исплати повеќе во платите да издвои сразмерно во фондови за развој што е неопходно, ако сакаме во стопанството барем нешто да направиме. Оти, без циклус на развој ситуацијата ќе ја тераме само надолу.

Друго што сакам да кажам околу курсот на денарот во однос на валутите, дали во однос на германската марка или со други значајни светски; не е значајно за мене, јас не сум стручњак и нека биде како што треба. Но, целта ми е да укажам дека курсот треба да биде реален. Само така може да го стимулираме извозот, Ако имаме нереален курс нема извоз

за тоа што нема никаква сметка во извозот. Понатаму, зафаќањата што сега се даваат и се предлага да останат 30% од извезениот извоз за обезбедување нафта и други витални материјали сметам дека е преголемо и сметам дека треба да се намали на 10%. Ова 30% сметам дека не значи многу ако немаме влез на средствата кои и онака од скромниот извоз ќе идат. Ако имаме мали зафаќања повеќе средства ќе дојдат во банките. Вкупната маса на зафатени средства за решавање на проблемите ќе бидат поголеми. Тоа поготово што нашиот курс е нереален. Тој секогаш бил нереален и сега ќе биде. Сега моментално ако доларот или банката влезе во банка треба да се плати по 360 или 510, а практичната нивна вредност се знае. А, која е вредноста на извезениот производ што може да ја покрие таа цена? Практично не може и тогаш се одлучуваат луѓето што ја работат таа проблематика во две насоки: или да не извезува или евентуално ако не извезе да бара начин како средствата да не дојдат во банка и го обезвреднува производот.

Трето, по таа основа треба да се преземат мерки да се обезбеди, ако некој извезува и ги внесе средствата во банката да има гаранција дека истите тие средства ќе може да ги употреби за потреби на решавање на тековното производство: репроматеријали, резервни делови итн. Сега имаме прилично ненормална ситуација. Ќе дојдат средствата а нема никаква гаранција дека со нив може да се интервенира. Добро, тука се, ќе видиме кога ќе има. А, никогаш нема да има. Според тоа решение нема.

Да укажам и јас како и другите дискутанти, со оваа Програма јавната потрошувачка е програмирана на високо ниво. 35% од општествениот производ е преголем залак за ова стопанство и стопанството не може да го поднесе. Тоа беше и на Комисијата за стопанство, а треба зафаќањата

IX/7.-

треба да се сведат, мислам на јавната потрошувачка да биде до нивото од 27% од општествениот производ. Ова стопанство, незнам колку сите го познаваат, велиме е во колабс, но тоа е во таа ситуација што повеќе не може да издржи никакви оптоварувања ниту зафаќања. А, се се мисли дека ова стопанство може. Морам да кажам дека за сега сите мерки што овде се предлагаат и закони се однесуваат само на стопанството. И овие мерки сега пак на него се однесуваат. Оние што земаат плати преку сметка, што го прават прометот преку сметка ќе ги платат пет пати даноците. Еднаш, па двапати, па трипати. А, сите други кои тоа го избегнуваат, а се знае кој ги избегнуваат, таканаречената сива економија и надвор од тоа,нив нема да ги фатат ни овие мерки. Прикажуваат дека зимаат минимална плата и не плаќаат ниту даноци ниту се друго.

Сметам дека Владата тука треба да најде начин како на тоа да му застане на пат и сите да учествуваме во проблемите и полесно ќе ги поднесеме проблемите. Само ова јадно стопанство, колку остана малку практично самото не ќе може бидејќи ќе го затвориме и не ќе може да ги поднесе овие мерки.

Околу Законот за продажба на становите ќе ја оставам дискусијата бидејќи имам доста забелешки. Сметам дека нема да се постигне целта што се заговара а ќе се направат додатни проблеми и импликации со становите пред се во стопанските организации. Така што нека не ми биде забележано тогаш по таа проблематика да се изјаснам кога ќе биде на дневен ред Законот за продажба на становите. Имам доста амандман. Комисијата ќе ги разгледува во текот на денешниот или утрешниот ден. Од исходот на амандманите ќе зависи каква ќе биде мојата дискусија

Благодарам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господин Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани дами и господа, почитувано претседателство

Овие четири месеци носиме една Антиинфлациона програма и дополнителните мерки на економската политика од стабилизационен карактер за 1992 година што се на дневен ред.

Ова делува и невообичаено на прв поглед. Но, првата програма во самото донесување дојде до процесна ерозија со таканаречен шок-терапија што секој од вас знае дека е од краток временски период зад што требаше под итно да следи развојна односно макроекономска програма до која не дојде.

Оваа втората има новини, како Законот за продажба на станови и некои други елементи што практично мораме да признаеме само ја продолжува агонијата на државата ако за кратко време, за време од два месеци не се донесе развојната програма.

Лично не сакам да се задржам на методот на Програмата дали е хтеродоксна или каква е ниту за сериозните ограничувања ниту нарушувањата на сидрата бидејќи самите сме и учесници и сведоци на сите збиднувања на овој Парламент.

Уште еднаш се потврди нашето искуство дека нема, ниту може да дојде до застој во процесот на промените во едно општество кога се созреани условите и неопходноста д дојде до такви промени. Тие можат да бидат спроведени само на два начина. Или со целосно распаѓање на еден систем и врз неговите урнатини да се изгради друг или со трансформација на еден систем во друг систем.

Антиинфлационата програма пред четири месеци требаше да ја докаже својата определеност за развој на демократијата, за плурализмот на економскиот и политичкиот живот. Требаше да се докажува со развојот на

стопанството, преструктуирање на стопанството, развој на сите фактори на пазарот, нова улога на државата која ќе управува со макроекономската политика а не да се меша во стопанските субјекти, да обезбедува човечки права и слободи. Својата способност треба да се докажува во максимално поттикнување на развојот на нови стопански структури, преструктуирање на постојните и овозможување на најдобрите да бидат уште подобри, а не со повеќе оданочување за да се спасат неспособните. Со формирање на нови управувачки структури, мотивирајќи ги најдобрите и најквалитетни- те луѓе да влегуваат смело во промените и да преземаат деловен ризик, а не заради политички и национални определби да не дојдат до израз нивните способности.

**ХАМИД АЛИТИ:** (Продолжение)

Се занимававме со градење на манастири и тоа во планински врвови каде што нема од таа концесија, ставање крстови на саат кулите, давање уредби на СОК и на банките да мора исклучиво чековите за кредитите да се пишуваат кирилица, ако се компјутерите на латиница, а паметниот свет само за да се дојде до капитал прифаќа и на кинески и на арапски. Се што се случува во овие моменти, по некоја логика ние требаше да имаме просек на личен доход од 5000 долари. Сето тоа во име на народот , патриотизмот, другите да се дефинираат. Било која програма за да отстои ние мораме еднаш да расчистиме ќе живееме заедно или не, зошто трето нема.

Од горе изнесеното и од другите фактори неминовно е да не се најдеме во ваква состојба во која сме. Сосема е јасно и нормално е новата Влада за еден месец толку може да направи. Само со стабилизационите мерки до крајот на годината мора Владата да донесе и своја развојна програма. Мора да признае Владата дека можеле да се направат и подобри дополнителни мерки за што службите во министерствата не се од пред еден месец. Оттука мора да се заклучи дека под итно во подрачните министерства и во самите министерства треба да се растури конфорот и пашалукот. За ова аргумент е анализата на статистичките податоци, колку се точни.

Второ, на страната четири каде стои забрана за исплата на дивиденда за мене треба по фундаментално да се елаборира, од проста причина што е мода во денешно време да се напиша А.Д. акционерско друштво и без скршен денар. Ова и затоа што се повикуваме и се оправдуваме со законот на господин Марковиќ. Јас мислам дека само една работа е во стопанството. Ако е трансформација а незнам каде е извршена, во прав смисол е извршена, тогаш мора да бидат обезбедени обртни

X/2.-

средства. Ако не е, ако е формално извршена, тогаш се знае дека нема трансформација, а тоа е состојбата во нашето стопанство.

За мене Владата непотребно се оптоварува со нафтениот шок. Ако на време беше децидна при утврдувањето на условите и нивното создавање за отворање на приватни бензински пумпи и да елиминираше некои слабости, досега ќе имавме скоро во секој град приватни бензински пумпи и тоа да се продава испод цена како што е во Западниот свет. Сега Владата ќе имаше друга работа и друг пристап на работите.

Трето, приватниот и општествениот сектор мора да бидат ставени под ист аршин во правата и во обврските.

Четврто, монетарно - кредитната политика и фискалната мора да добиваат нова улога и без размислуваше за функционирањето на банкарскиот систем. Да се деградират луѓето од власта и неговите обврски, а тоа за мене значи секогаш да не се повикуваме на буџетот а од другата страна ограничувањето на личните доходи, според мене, греба да дојде само зголемување кај тие производи што ќе ги намалат цените на производите, а обратно ако се зголемуваат цените не треба да се покачуваат личните доходи. Личниот доход, според мене, треба да се евидентира според конвертибилната валута и тоа по курс на т.н. црн курс. Исто така и трговците во марки да можат да формираат цени и во марки да можат да продаваат. Некој тука ќе рече дека според Уставот само денарот е платежно средство, а тогаш јас се прашувам не ни треба ниту марката, ниту доларот ако го имаме денарот.

Според мене, најглавната работа што мора да име јака финансиска контрола. Тука само ќе го споменам случајот со Аргентина. Се наоѓаме во критичка фаза и решавачката битка е пред се битка на овој парламент што треба да стане битка на секој човек за неговата лична егзистенција. Мора да воведеме модерна макроекономска единица, мора да се ослониме

X/3.-

еднаш засекогаш на сами себе и на нашето богатство. Секогаш бараме и се надеваме на помошта на развиениот свет. За да влеземе во тој свет мораме во нашиот внатрешен развој да ги воведеме сите потребни европски мерила, за да се европизираме. Услов за да дојдеме до капиталот е што мора Македонија да биде привлечна за капитал, а тоа бара мир, стабилност на земјата, рамноправност на сите народи, демократија, правна сигурност, за нас и за нашите партнери. И на крај имам едно прашање до Владата – колкав е износот и каде се оние средства што се дадени во стопанството во декември 1991 година, за која намена и дали тие се вратени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Господа пратеници, веднаш на почетокот сакам да ти кажам дека ги прифаќам овие дополнителни мерки на новата Влада од две основни причини. Прво,што тоа не е нова антиинфлациона програма бидејќи никаде во светот не е практика во текот на една година да се носат две антиинфлациони програми. А уште повеќе што антиинфлационата програма што беше прифатена од овој парламент на 26 април о.г. беше оценета како квалитетна програма од голем број еминентни странски и светски стручњаци и институции. Втората причина е што немаме избор односно нема повеќе други програми односно решенија од кои би можело да избираме.

Што е причината за донесувањето на овие дополнителни мерки? Тоа е што меѓувреме намерно или случајно беа доста нарушени, искинати основните сидра на програмата, со кои се држеше програмата. Со овие дополнителни мерки токму се прават интервенции и во правец на санирањето на дупките и на пукнатините што настанаа во изминатиот период на реализацијата на првата македонска антиинфлациона

самостојна програма. Но  и тогаш како и кога ја донесувавме првата Антиинфлациона програма, па и сега, сакам, да се произнесам дека и овие дополнителни мерки за мене не влеваат надеж дека состојбата во државата ќе се подобри. Би бил сосема задоволен ако успееме да ја санираме однос но да ја сопреме тенденцијата на натамошното влошување, од причина што основна карактеристика на нашите програми е во тоа, според мое лично мислење, што тие во главно се кабинетски и не се контактабилни со практиката.

Овие понудени дополнителни предлог мерки во основа прават напори да имаат стабилизационен карактер. Меѓутоа, нивните морални можности се детерминирани со крајно лошата состојба во материјалното производство, пред се, на сите стопански субјекти без исклучок како и лимитирани со надворешната блокада. Оттука јас би бил сосема задоволен, доколку со овие предлог мерки се постигне, барем според мене единствената цел, а тоа е товарот на крајно влошената состојба во државата, тежината да ја распоредиме колку што е можно по рамномерно на сите стопански субјекти на граѓаните во Републиката, а не да дојде до едно раслојување, во кое ќе имаме слој на граѓани кои што од оваа состојба ќе профитираат, а слој на граѓани ќе немаат можности ниту да преживеат.

Голем е бројот на граѓани стопанственици, економисти, па да не речам и пратеници кои што причината за нарушувањето на Антиинфлационата програма ја гледаат во донесувањето на Законот за плати- те, односно корекција на платите од страна на овој парламент. Јас ќе направам овие за да ве демантирам и да докажам дека влошувањето и нарушувањето на програмата е направено многу порано и тоа од самата Влада која е и изготвувач на програмата, а дека Законот за платите што го донесовме на парламентот беше последица а не повод.

X/5.-

А еве зошто го велам тоа. Да ве потсетам, Антиинфлационата програма беше предложена и прифатена на 26 април о.г. Јас ако се сеќавате уште тогаш дека сите сидра не се закачени, а поготово сидрото во сферата на цените. И тоа од две основни причини, како прво, што тогашниот состав на Владата ја немаше оценето реалната состојба во Републиката, и како второ што не беше од определена реалната цена на парите и на капиталот. Тоа се основните две причини од кои и Антиинфлационата програма почнаа да се реализира веќе со нарушени односи. Нне би сакал да го наведувам и примерот и случајот со конкретни примери од твојата област, меѓутоа би скал да кажам дека во самиот почеток од реализацијата на програмата, од самата Влада беа извршени одредена низа на корекции на цените, почнувајќи од енергијата, нафтените деривати, комуналните услови, ПТТ услугите, ТВ претплати и друго од што на некој начин покрај она што беше дозволено и слободно формирање на цените, навистина основните сидра односно основното сидро во сферата на ценитен практично беше нарушено, од самата Влада а не од другите стопански субјекти и граѓаните.

И сега да се вратам на почетната моја констатација дека и овие предлог дополнителни мерки не ми влеваат надеж за подобрување на состојбата во која се наоѓа државата. На страница 2 од дополнителните мерки вели: "Заради остварување на диспаритетите на нивото на цените на производите и услугите што се под непосредна контрола ќе се изврши корекција на нивоата на цените на следните производи и услуги..." Меѓу другото овде се спомнуваат промет на мало на нафтени деривати, производството и промет на леб, на брашно итн.

На истата страница два пишува: "Народната банка на Македонија согласно со новата проекција на цените која што во голема мера слободно ќе се формира ќе ја усогласува и есконтната стапка на есконтните кредити

годишно..." што практично значи дека и деловните банки ќе ги корегираат своите каматни стапки на своите пласман. На страница 5 стои "производствената цена на нафтените деривати ќе се формира врз паритетен однос на цената на суровата нафта. Што значи, да не речам две основни компоненти во производството и во формирањето на цента на готовите производи, каматното оптоварување и енергијата да не речам нафтата мазутот, струјата кои главно учествуваат со 50 а некаде и со 60 и со 70% во цената на готовите производи ќе бидат променливи. Како е можно во таа смисла да се предвидува одредени цени во исти такви услови да бидат лимитирани. Значи дека ќе треба тие организации кои имаат и се занимаваат со такво производство ќе мора дел од својот капитал заедно со тие производи го поклонуваат на нивните потрошувачи бидејќи не е можно тие да бидат вградени во цената на тој производ. Оттука се поставува и прашањето како е можно да се лимитираат да се одржат такви цени, кога основните супстанци во формирањето на тие цени што учествуваат со 80% ги имаме како слободни цени.

На крајот би рекол како што и реков и на почетокот можноста на нашата република со сопствени сили да ја истераме состојбата во која сме на сите се сосема добро познати а исто така ни е познато дека во било каде во која што сега се наоѓаме не е можно да сметаме на дополнителни средства и нови средства надвор од нашата Република така што основно е што мораме да постигнеме пред се консензус меѓу Стопан- ските субјекти и граѓаните а да не речам и на политичките партии во нашата Република за да можеме на некој начин овој период што доаѓа пред нас, до крајот на годината во кој на некој начин очекуваме да се зголемат шансите за нашето меѓународно признавање за да ги совладаме за да не дојде до уште поголемо раслојување и уште поголеми социјални немири.

X/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Џемаил Таири.

**ЏЕМАИЛ ТАИРИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Уште на почетокот сакам да истакнам дека предложените дополнителни мерки на економската политика за 19 92 година ги подржувам и сметам дека со овие мерки ќе се ублажи неповолната состојба во стопанските и нестопанските дејности. Во каква состојба се тие, сите знаеме.

Сигурно е дека до крајот на годината и со овие дополнителни мерки не може да очекуваме дека состојбата во стопанските и нестопанските дејности ќе цветат. Меѓутоа, битно е како така да се одржи еден минимум на активности. Ова нешто според мене ќе биде се до тогаш кога Републиката ќе стане членка на Европската заедница. Без економска и финансиска помош на Републиката од страна на Европската економска заедница не можеме да очекуваме дека состојбите битно ќе се изменат. Исто така ние не можеме да речеме дека Антиинфлационата програма ни беше лошо конципирана. Меѓутоа, состојбите што дојдоа после тоа, пред се, економската блокада бараа дополнуваше на програмата. Покрај тоа, овде мораме објективно да го идентификуваме она што е од објективна природа а што е тоа што зависеше од нас, а лошо работевме. Кога сме кај второто, морам да истакнам дека е проблем на финансиска недисциплина и отсуство на соодветна контрола во извршувањето на задачите кои што беа конципирани во антиинфлационата програма во областа на надворешно - трговско работење. Скоро секојдневно читаме како добар дел на претпријатија своите средства ги чуваат надвор од земјата. За оваа, пред се, ќе речам нечесна работа не чув никој да одговара. Треба да се бара одговорност без вакви мерки и овие дополнителни мерки нема да се оствари ништо.

X/8.-

Исто така од субјективна природа е и проблемот на отсуството на контролата во остварувањето и прикажувањето на вкупниот промет. За овие состојби никој од надвор не ние е крив. Криви сме самите ние. Заради спроведувањето на дополнителните мерки што треба да ги усвоиме потребно е во што е можно пократок рок да ги донесеме и дел од системските закони што се наведени и во дополнителните мерки, како што е Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, законот за продажба на општествените станови, законот за концесии, итн. На крајот сметам за потребно да истакнам, затоа< што сме при крај на годината, добар дел од овие сугестии што беа изречени овде, можат да и послужат на Владата за конципирање на економската политика во 1993 година, каде на прв план треба и во основа да се ослониме на сопствените сили.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Тодосие Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе дами и господа. Јас би се осврнал на некои моменти и проблеми што се како проблем на Републиката а за кои Владата презема, може да кажам и поостри мерки за совладување и спроведување на Антиинфлационата програма и со овие дополнителни мерки. Сакам на почетокот да кажам дека ваквата програма ја прифаќам во целост, меѓутоа, треба таа да се разработи, и дополни со посебни решенија за спроведувањето на програмата во кои што ќе има покрај останатото обезбедување на можности и средства и рокови во кои рокови да се заврши. Можеби јас до вчера имав некое друго мислење во врска со програмата, меѓутоа вчерашниот ден и денешниот ни дава дојам дека ваквата политичка и економска состојба во светот и на Балканот и посебно во бившите југословенски држави и нас што не снајде блокада, излезот

мораме да го потражиме преку вакви мерки и програми. Ако не усвоиме ваква програма нема што да очекуваме. Меѓутоа ако ја усвоиме програмата, се надеваме и очекуваме позитивни резултати, иако ова е краткорочна за до крајот на годината, мислам дека ќе можат да се разрешат оние битните клучните проблеми. Еве како дојдовме со енергијата. Дојде време да не можеме да ожнееме, дојде време да не можеме да посееме. Пролетната сеидба не се изврши како што требаше заради немање на нафта, а сега постои опасност и есенската седиба да не се изврши. Мислам дека тука треба да се забрза за да се изнајдат адекватни решенија, за да се обезбеди есенската сеидба.

XI /1 лк/вц

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:** (продолжение)

Исто така, имавме доста проблеми оваа година во врска со производството и пласманот на земјоделските производи, меѓутоа сепак се изнајдоа некои мали решенија и се ублажи таа состојба. Мислам дека на тоа треба да се обрне многу повеќе внимание и да се предложат поконкретни решенија во земјоделството за развојот на земјоделството. Јас и порано реков дека еднаш мораме решително да изнајдеме и издвоиме средства за поттикнување и развој на земјоделството, во прв ред да ги обработиме површините кои не се обработени, второ да го зголемиме сточниот фонд, да не увезуваме месо и млечни производи и храна би требало да обезбедуваме исклучиво од Македонија, да не увезуваме од надвор. Притоа, треба да има цени кои ќе бидат под контрола, кои ќе бидат на некој начин ограничени, заштитни цени, како цените на млекото, шеќерот, маслото за јадење, превозот, струјата и други кои се од интерес на граѓаните, тие да бидат под контрола и да се изнајде решение ако мора да бидат коригирани тоа минимално да се направи. Инаку, и натаму ќе ја нарушуваме Антиинфлационата програма ако и натаму ги зголемуваме овие цени. Заради опстанок на граѓаните кои дојдовме до сиромаштија односно до една тешка состојба, мора да бидеме сплотени сите заедно, државните проблеми да ги решаваме заедно, едните и другите да се здружиме и да стоиме зад таквите решенија во интерес на народот. Ако влечат едни на една страна, други на друга страна нема да можеме да ги решиме оние проблеми кои се присутни, а кои граѓаните очекуваат на некој начин да ги решаваме. Нема друг поголем орган во Македонија кој би можел да ги решава најголем орган е Собранието. Кога ни е дадена ваквата

XI/2

доверба, целата енергија што ја имаме треба да ја здружиме и искористиме во подобрување на состојбите во стопанството. Не би можел да го избегнам прашањето дека капацитетите мораме да ги искористуваме докрај. Притоа да го обезбедиме и пласманот на производите за да ја зголемиме ново произведената вредност, да го зголемиме доходот. Тогаш ќе имаме средства и за образованието, здравството и др. иако ако што кажа Перо Георгиев се согласувам дека тотална реформа мора да се изврши во сите сфери на нашето стопанство како и во здравството и образованието во прв ред, а во целина и во стопанството. Мислам дека Владата упорно работеше еден месец и предложи документи кои треба да ги прифатиме во целина. Ако има други подобри решенија истите да ги додадеме на наредните седници. Бидејќи сега немаме предлог за друго решение и за друга подобра програма, сум за тоа во целина да ја прифатиме и со тоа мислам дека ќе можеме да ја ублажиме и онака тешката состојба што ја имаме во стопанството и воопшто во Републиката.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, Собранието еден месец не работеше во очекување Владата да ги прегледа законите што беа пуштени во процедура од претходната и да изготви нови антиинфлациони мерки Еден месец е премногу кус период и за едната од тие две самопоставени задачи на Владата, а не пак за двете задачи, но Владата амбициозно се определила да ги заврши и двете задачи, па така само по еден месец од нејзиниот избор ни понуди не антиинфлациона програма, не корекција на старата, не нејзина реафирмација и ревитализација како можевме да слушнеме, туку дополнителни мерки на тековната економска политика, како што е формулирано во основниот материјал. Според насловот избран е - еден вид алиби наслов. Зошто? Бидејќи не е нова, не е ревитализација на старата, дадени се некои мерки во таа насока, но со тие мерки не ветуваме

соборување на инфлацијата, бидејќи таков цврст заклучок и проценка не пишува никаде во материјалот кој што се предлага во дополнителните мерки. Значи, заклучокот може да биде дека не се пристапува - за тоа може да има аргументи Владата, се разбира, пристапот е таков - не се пристапува енергично кон ветеното и нужно обезбедување на макроекономска рамнотежа за да ги добиеме неопходните услови за упорно реформирање на целиот стопански систем односно за поенергична реформа, а како стартна основа за тоа би ни послужила една поурамнотежена ситуација на макроекономски план. Ако не постои намера со овие мерки и отсега почнувајќи да се собори инфлацијата, се поставува прашањето зошто. Не ни беа понудени:изјави дека Македонија не може да издржи трета хиперинфлациона спирала што не е далеку од вистината, заради тоа што разорното дејство на хиперинфлацијата на сите ни е познато. Ако се овие мерки со намера само да се забави инфлацијата, од некои објаснувања на претставници на Владата може да се заклучи така, односно да се пригуши, тогаш лично мислам дека грешката е евидентна.

Прво, тоа покажува дека не ги разбираме сите разорни дејства на инфлацијата и врз економијата и многу пошироко од економијата. Досега имаме дебело искуство и со бивша Југославија и со она што ни се случува во Македонија од почетокот на процесот на раздружување од бивша Југославија.

Второ, продолжуваме да велиме - ајде, нека имаме инфлација, па како ќе течат работите, нека течат како и сите претходни влади во бивша Југославија и некои наши, кои бегаат од некои краткорочни политички анимозитети, бидејќи навистина не би било многу популарно да се влечат рестриктивни остри мерки за протагонистите на таквата политика без помисла дека на крајот сепак ќе го платат со генерална негативна оценка

за нив, бидејќи висока инфлација не значи ништо друго туку економски и морален пустош. На крајот цената секако ќе се плати, што ќе ја донесе и іспостави високата разорна инфлација.

Трето, заблуда е ако се цели на некакво пригушување на инфлацијата. Заблуда заради тоа што наредниот период ќе покаже дека тоа е многу опасна стратегија. Економисти со светско име велат дека инфлацијата е лоша, хипер инфлацијата многу лоша, пригушената инфлација најлоша за стопанството. Ако пак се смета дека се ова мерки со кои ќе се совлада инфлацијата - ова го поставувам на овој начин бидејќи нема категорични изјаснување во врска со тоа, туку можеме да заклучуваме од понудените мерки и од податоците што се изнесуваат во документацијата во врска со тоа - тогаш морам да ја изразам мојата голема воздржаност и сомневање дека може со овие мерки да се собори инфлацијата.

Зошто?

Прво, предложените мерки се сепак половични. Претпоставувам дека тоа им е јасно и на предлагачите бидејќи за еден месец од инаугурацијата на Владата, ако претходно не се има нешто подготвено однапред не може и повеќе да се сработи. А во врска со дејството на половичните мерки унгарскиот економист од светски глас Јанош Корнеј вели: Ако примените на пример 10 половични мерки, тогаш нема да добиете пет позитивни резултати, туку ќе добиете пет фијаска. Тоа е јасна оценка.

Второ, поголемиот дел од овие мерки се соопштени во вид на намера. Како намера не се спорни, а кога ќе дојде реализацијата на намерата, тогаш ќе може да проценуваме за тоа каков резултат ќе може да очекуваме од тој дел на мерки.

Трето, за некои од нив однапред може да се процени нивниот половичен ефект. Неколку од нив не треба воопшто да се прифатат. Поконкретно најнапред во врска со таканаречените сидра кои почнаа да ги разбираат и оние што најмалку се економисти.

Прво, монетарната политика, Владата пишува дека таа треба да биде поблаго рестриктивна отколку што беше во периодот мај август, главно заради сезонската структура на производството. Пред се, Владата не определува монетарната политика, туку Народната банка на Македонија, а банката му е единствено одговорна на Парламентот на РМ.

Второ, притисоците врз печатницата на пари се се поголеми. Ние тоа го знаеме и го чувствуваме и има знаци на попуштање. Ако тоа се дозволи, ете го најсилниот генератор на инфлацијата на цена, а можно е, сите држави во криза, сите влади во криза заради социјалните притисоци. лесно да подлегнат на тоа искушение и таа грешка ја правеле и ја правеле многу многу земји.

Трето, одговорните во народната банка и во Парламентот мора да ја одбранат нејзината самостојност и стручност. Ова сакам да се нагласи посебно и луѓето што работат во Народната банка треба да издржат жестоко да ги одбијат сите притисоци на прибегнување кон печатницата на пари, затоа што сметката потоа ќе биде многу тешко да се плати.

Четврто, во начинот на работата на Народната банка има сеуште значајни инфлаторни елементи и тука треба уште да се поправа работата и да се стега, а не да се проширува.

Главна е нејзината кредитна функција, како генератор на инфлацијата, на стопанските активности, од која за разумен период мора да се ослободи. Ние знаеме колку кредитирањето на земјоделството и на извозот е легнато директно на Народната банка, а тоа не е функција на

народните банки никаде во светот, каде што се знае што е монетарна власт и што е Народна банка. Тука имаме наследство, не е лесно веднаш да се пресече, но мора да има цврста и јасна ориентација за догледно време да се ослободиме од тоа, а почетокот мора да биде намалување кон тоа. Се разбира тоа е болна операција, особено за корисниците на тој извор на средства.

Понатаму дисконтната стапка не се одмерува најдобро, најчесто е пониско од потребната, стапката на задолжителни резерви е превисока кај нас најчесто, емисиониот приход наместо за кредити на државата оди за разни интервенции во стопанството и општествените дејности, рестриктивната политика повеќе се потпира на ограничување на кредитниот потенцијал на банките, со што се намалува значењето на банките во финансиското посредување. Најголемиот дел на пласманите од Народната банка не се индексира во вакви услови на висока инфлација и единствено Народната банка заработува врз основа на негативните реални каматни стапки на задолжителните резерви и на депозитите кои деловните банки ги држат кај Народната банка на Македонија. Затоа деловните банки се обидуваат тие трошоци да ги пренесат на претпријатијата со ниски каматни стапки на депозитите и високи на кредитите. Претпријатијата пак бараат други кредити или бегаат од плаќање на каматите, а тој пример знаеме колку е проширен, и така во круг се потхранува инфлационата спирала. Можеби ова не е сосема докрај за други стручни погледи, но е прашаше во секој случај за кое мора да се дискутира.

Петто, Народната банка е одговорна за стабилноста на валутата. Така пишува и во Уставот и во Законот за Народната банка усвоен од Собранието на РМ. Ова сакам да го потенцирам затоа што врз основа на притисоците за печатење на пари нам ќе ни се случи да попушти

контролата на паричната маса и другите монетарни агрегати, а одговорните пред Уставот и Законот за народната банка да кажат дека други фактори делуваа да биде таква инфлацијата во РМ, со што однапред не сакам да се согласам во целина заради тоа што ако во Законот за народна банка пишува како и во Уставот дека банката е одговорна за стабилноста на валутата, значи врз основа на светското искуство се проценува дека клучот на монетарната илузија сепак во голем или најголем степен лежи во контролата на монетарните агрегати. Затоа сакам ова да го потенцирам и уште по трет пат да се ослободиме од притисоците кај~ народната банка, ако сакаме здрава валута, преку здрава валута, здрава економија.

Второто сидро се платите. Ако не се обезбеди ограничување на агрегатната големина на платата, резултатот на операцијата ќе биде без дилема негативен и ние имаме наше сопствено искуство од летната одлука на овој Парламент да ги покачи платите. Ова сидро е едно од клучните за остварување на стабилноста, за соборување на инфлацијата. Наместо закон, три партнери - не велам трите партнери, има разлика меѓу три партнери и трите партнери - се договорија за механизмот колективно договарање. Учесниците изјавија дека остварија добра работа. Потпишаа договор. Ова решение бездруго е подобро од закон, од аспект на напушташе на бирократско централистичкиот систем, односно помалку е административен, но не е предалеку од бирократските решенија. Но во услови на наша бирократска општествена сопственост, која што е доминантна, е неефикасно решение, а рековме дека од сидрото плати ќе зависи соборувањето на инфлацијата многу. Што ако не се придржуваат потписниците кон договорот, што ако дел од работништвото и раководството каже дека ова потпишување нив не ги обврзува, нема да го почитуваат тој документ, а тоа веќе се случува само неколку дена по

потпишувањето на тој договор. Дали ќе смее Службата на општественото книговодство да ја спречи исплатата на зголемени плати кај одделни претпријатија ако ги утврдиле над колективниот договор односно анексот на колективниот договор. Прашањето се поставува правно, уставно и слично на тоа. Дали тоа ќе биде едноставно уставно? Се разбира дека нема да биде уставно и тоа може да биде пак со притисок односно во рамките на вонправната држава, ако така се случи. Според тоа, ова важно сидро е под апсолутен знак на прашање, ќе зависи од џентлменскиот договор, може и така да се постапи, може и тоа да успее, ако сите учесници во спроведувањето го одржат зборот и едноставно покажат висок степен на дисциплина, свест итн., иако во сферата на економијата не помага многу свеста туку едноставно интересите.

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (продолжение)

Тоа е во врска со второто значајно сидро, ова е додатната причина за скепсата што ќе добиеме на крајот од примената на овие мерки.

Третото сидро е општата и заедничката потрошувачка. Даноците не можат повеќе да се зголемуваат, бидејќи овој Парламент тешко ќе може да донесе одлука, ниту пак Владата да предложи за натамошно зафаќање од стопанството, туку мора да носи мерки за намалување на зафаќањата, тоа е јасно. Во услови на висока инфлација делува таканаречениот панзи ефект, економистите го знаат тоа, државните фондови реално се се попразни и нас токму ни се случува тоа. Колку да се зголемува инфлацијата фондовите ќе бидат попразни и социјалните и другите фондови Тука не ќе има опасност да се задржи некоја пропорција, но тоа мора да биде доволно.

Четвртото сидро е девизниот курс. Нема да се одржи девизниот курс, ако нема жестока Антиинфлациона програма. Корекциите на таканаречените диспаритети, претпоставената инфлација до крајот на годината од 123%, како што читаме во материјалите, и евентуално поблагата рестриктивност на кредитно - монетарната политика и евентуално по мене извесно рушење на сидрото на платите, брзо ќе го поместат девизниот курс и на тој начин спиралата цени, плата, курсот итн., повторно ќе се отворат. Тоа може со релативна извесност да се претпостави.

Понатаму, дадени се некои други мерки, законот за посебниот данок од платите и пензиите кои што нема никакво стабилизационо значење, фискалните ефекти се многу слаби од тоа што се предлага од тој закон, основната концепција крајно погрешна и идеолошки и етички и од аспект на

тоа каков даночен систем ќе мора да предложи Владата за кус период, месец, два-три колку ќе биде подготвена и од страна на стручњаците да понуди. Значи, , ова нема да се вклопи во тој систем, по два месеци ќе рече Владата го повлекуваме тој закон, не важи, итн., трошоци ќе има повеќе евиденциони отколку други. На идеолошки план е многу дискутабилно но тој е резултат како што можев да сфатам од компромисот со договорот со Синдикатот. Е, сега, на синдикатите ако им е потребен политички поен, нека е тоа за нив, за работничката класа ама не значи баш ништо, платите на работниците во услови на висока инфлација стално ќе се обезвреднуваат, битката они секогаш ќе ја губат, со тоа што на комшијата ќе му се штрбне 2 или 3 проценти од неговото, не знам, богатство со две плати поголеми од просечните. Така да ниту синдикатите добиваат, ниту работниците добиваат со ова, ниту Владата ќе добие со вакви закони со кои што се фрла извесна прашина од типот на социјалната демагогија. Но, во преговорите Владата ми се чини морала да прифати. Мојата лична оценка е бескорисна.

Законот за измени и дополнување на Законот за данокот на промет со барање Владата да се овласти за нешто што по функција бездруго му припаѓа на Парламентот и мислам таква грешка не треба да се прави, бидејќи ние такви грешки имавме во минатиот состав.

За законот за становите од него не прочитав колку ќе кошта еден стан, или не успеав да го протолкувам, таа работа останува Владата да ја направи, а ние да кренеме раце, а не знаеме по која сума ќе се продаваат општествените станови. Можеби во образложението по законот ќе чуеме

нешто друго, но јас не можев да разберам. Имаме најголем број искажани намери за заострување на казнената политика, зголемување на финансиската дисциплина, со тоа како ќе се постапува за обезбедување на нафта, девизите и слично на тоа, но намерите се намери, за нив после обидот за нивна реализација ќе може да се суди. Се на се инфлацијата на овој начин не може да се совлада, ако било тоа намера, а ако била друга намера тогаш да ја знаеме таа и во таа смисла да оди дискусијата, а тоа значи дека штрајковите, хаосот, диспаритетите ценовни итн., ќе продолжат и натаму.

Ако се има намера да се собори инфлацијата , ако е тоа намерата, повторно нагласувам, треба многу посериозни посеопфатни мерки програма, што ќе можат да ја соборат инфлацијата. Ваков вид на нерамнотежа, макроекономска каква што ние имаме по сите генератори се решава со силен удар, тоа е искуството на сите земји , со симултана примена на мерки , но таква програма не се подготвува за еден месец, ако претходно немало подготвено таква програма. И од тој аспект Владата за месец дена таква сеопфатна програма за таков удар, за таков вид на макроекономска рамнотежа не можела да состави.

Второ, ако сакаме да ја собориме инфлацијата лекот е единствен, ние имаме дадена макропонуда во овој момент. Ако е таа дадена тогаш макропобарувачката автоматски е одредена со макропонудата. Контролата на побарувачката јасно бара враќање на буџетска рамнотежа при што е важно да нема трошоци над приходите, а второстепено е прашањето од каде, по кои прописи, по кои даноци итн.

XII/4

Држењето на агрегатот на плати во рамките на тој модел што го замислила Владата, рамнотежа, јасна рестриктивна монетарна политика, лишена од притисоци, единствен и реален девизен курс, што друго е можно, за контрола на макропобарувачката. Радикално изменет даночен систем, меѓутоа, тоа прашање го оставаме, но има дебели ефекти врз цените и врз потрошувачката, затоа што без даночен систем на други основи нема рационални цени, нема рационални ценовни односи. Ако се даноците прогресивни, различни, ни нема ослободување, тогаш цената на чинењето не е иста кај стопанските субјекти. Тогаш не може да се утврди правата цена на чинењето, вистинската реална добивка на едно претпријатие и слично на тоа. Затоа преовладува денеска во стручните совети дека не управниот порески систем, концепт е тој што треба да се прифати. Расчистувањето на прашањето на субвенционираните цени е многу важно за инфлацијата и потрошувачката. За ова треба нова политика. Само да кажам дека субвенционираните цени ги помагаат и тие што можат да ги платат и тие што не можат да ги платат и од тој аспект е некоректен механизам. Ние кон тоа прибегнуваме честопати.

Политиката на цените заедно со платите е едно од најважните прашања за стабилизацијата. Треба да дојдеме до формирање на рационални цени. Но, за формирање на рационални цени треба неколку услови, многу важни : прво, слободни цени, второ, нов даночен систем, трето, царини, претежно линеарни пак заради цената на чинењето, реформа на системот на субвенциите како што спомнав, реален и единствен девизен курс и конвертибилноста на домашната валута. За конвертибилноста ќе почекаме подолго време.

XII/5

На крајот би заклучил со ова: Инфлацијата не е природна катастрофа за да може со неа да се помируваме, бидејќи таа не доаѓа ни од господ , ни од вулкански ерупции од земјата или слично на тоа. Инфлацијата ја создавале претходните влади, во случајот југословенски и помалку македонски влади и ја создаваат тековните влади кои што не преземаат мерки за нејзино соборување.

Второ, констатациите дека сме блокирани, без девизни резерви, дека е опаднат општествениот производ за 30 и 50% се апсолутно точни, но се поставува прашањето која е поголемата штета кога постојниот геп меѓу понудата и потребите се решава со исполнување на платежни средства без покритие или кога платежните средства, односно агрегатната побарувачка се сведува на ниво на макроекономската понуда. Да прашаме стручњаци што ќе речат во врска со ова прашање. Кога сме поблиску до амбисот. Јас тврдам кога тој геп го исполнуваме со нереално агрегатна побарувачка, затоа што последиците од хиперинфлација и инфлациите се за сите економисти и за народот и за граѓаните познати.

Трето, цената за остваруваше на стабилизационата програма мора да се плати, од таа цена не можеме да избегаме и тоа мора да го сфати Парламентот, тоа мора секоја влада, тоа мора да го сфатат политичките партии, социјалните демагози, граѓаните конечно, сфатиле не сфатиле, ќе ги поднесуваат трошоците. Ваква нерамнотежа не се лечи постепено. Не се лечи постепено, не се лечи со обид за пригушена инфлација прво, па потоа ќе видиме што ќе правиме. Заболената нога мора да се ампутира. Забот што го боли пациентот не се вади постепено, се вади наеднаш, бидејќи ако се вади постепено е нехумано. Слична е асоцијацијата и со инфлацијата или ќе се сруши и ќе се собори за јасно определен период, со јасна програма или нема да се сруши.

XII/6

**ДУШКО НИКОЛОСКИ:**

Почитувани пратеници, малку, една работа која што сега ме поттикна така. Да кажам другарот или колегата ако ме признава , Гошев, точно е дека теоретски гледано дека сите овие работи држат и стојат, меѓутоа животот тече. И ние во од одредени работи мораме и да ги поставуваме и треба да ги решаваме. Отворајќи било кое прашање, било кое од овие прашања што ги покренуваме овде, било во дискусија, во размислување дел од прашањата можам лично да ги прифатам, а често пати си земаме и ние за сло-ода понекогаш да го лицитираме и знаењето и незнаењето.

Кога се покренува прашањето во делот на монетата и конвертибилноста на валутата очигледно дека заборавааме многу моменти и по таа рамнотежа го бараме и излезното решение, но онака како одговара поединечно на секој од нас во мислењето, па дури и правиме обид да докажеме дека е и тоа и другото решение позитивно. Но, може да се сложиме со една работа да во една ваква ситуација во која се наоѓаме, пред се како што се приликите, која е вртожна ситуација, а производот го знаеме, тоа е хаосот, дека треба да се применат и радикални мерки. Меѓутоа, при секоја радикална мерка мора да биде авансирана и амортизирана со граѓаните. Ако тоа не го постигнеме тогаш практично ние само се залагаме или некој само за себе се залага да докаже како нешто не чини, а како другото е подобро, а не го предлагаме како излезно решение. Се што е радикално може и низ примери да се илустрира. Еве на пример едно радикално решение, но да нема последици. Зборуваме за сивата економија, едно практично решение ние можеме денеска да донесеме

мерка или одлука и да кажеме од денеска се што се врши промет, а не е евидентирано преку легалните институции за плаќање, да не биде предмет за царинење. Како би реагирале сега сите тие . Значи робата и се што ќе доаѓа во Македонија е нелегална, не се царини, значи треба да се заплени и се прекинуваат сите канали. Тоа е радикално, а сега треба да се најде како и на кој начин тоа да се материјализира, за да не го оспоруваме сето тоа.

Има и други работи, но во интерес на времето би се задржал во конкретниов случај да потенцирам, да во ситуацијата во која се наоѓаме и не случајно насловот на мерките е потенциран онака барајќи решение како да се доближи, а да на некој начин се оствари сето она што на некој начин сме го нарушиле. Поаѓајќи од тоа сакам да потенцирам дека самите мерки како дополна на Програмата, практично обезбедуваат и треба да имаме и оптимизам и ние тука што сме присутни, без разлика што состојбата е лоша, тешка, дури и одредени параметри кажуваат уште полошо, но животот треба да тече, обезбедуваат едно функционално урамнотежување на сите таканаречени, како што ги спомнуваат, номинални сидри кои и Петар Гошев ги спомнуваше.

Второ, јас лично што гледам од оваа програма, а мислам од сите мерки како проектирани произлегува дека практично се прави и една основа врз основа на која ќе се изградат или доградат одредените претходни искуства и нивните сознанија до крајот на годината да послужат како основа за економската политика од која практично ќе се тераат тековните економски проблеми за решавање во идната година, а од друга страна ќе се поставуваат и врз основа на сознанијата и долгорочните стратегии за

совладување на инфлацијата. Инфлацијата така лесно не се совладува, и светот лесно би ја совладал да не би биле овие потреси што се случуваат сега, што за еден ден можат да се случат толку работи, земете го сега најновиот случај со понудата на Русите со металите што се случува со берзата од кои страда и доларот и марката итн. Мислам врз основа на ова самите проектирани мерки искажани преку вредносни индикатори без разлика на сето тоа што сакаме да внесеме доза дека не може да се очекуваат големи ефекти, лично мислам дека даваат еден начин да одредени работи во од се поместат, да се добие во време, а од друга страна животот да тече. Сигурно дека на тоа ако го поставиме прашањето, дали има излезно решение, основниот проблем сигурно дека одговорот е да, меѓутоа решението е тешко остварливо. Имајќи ги предвид сите околности што ги имаме и во делот на структурата на стопанството, сопственичките односи, одредени системски закони итн., сето тоа го закочува, а да не зборувам сега за монетарниот систем како го проектираме или како валутата треба да биде еден ден поставена или да биде конвертибилна. Сето тоа најкусо речено практично не доведува во ситуација денеска и до крајот на годината практично да мораме да размислуваме краткорочно за да можеме да ја бараме и методата и начинот за остварувањето за оспорувањето на целата инфлација.

Второ, неопходно е за тоа донесување на одредени прописи односно закони и денеска овие што се нудат некои како извор на финансирање, без разлика на некои од законите што им се става забелешка како решение, ама да бидеме подготвени да понудиме поквалитетни решенија.

XII/9

Во однос на операционализација на мерките мислам дека добро би било ако имаме некои идеи во делот на тоа да сугерираме би било од корист не само за Владата туку мислам и за луѓето и за стопанството во целина.

Што се однесува на делот на проектираните мерки лично мислам да било кој од нас и бар досега што се дискутираше, а верувам и натаму,јас барем не успеав некои да понуди некоја нова мерка, што значи ако тие сфери ги оценуваме како такви, како неопходни при што и самиот наслов кажува да се создадат услови за стабилизационо движење, тогаш добро би било ако има и такво, меѓутоа, бидејќи немаме голем дел од забелешките, а конкретно кажувам за сопственото мислење, мислам делот во целина на мерките го поддржувам и сугерирам да во самата операционализација Владата би требало многу работи да ги стави во функција, а како прифатени мерки зад решенијата Парламентот практично целосно и стои.. Не би сакал сега да изразувам друго мислење во однос на некои дискусии, тоа е работа секој своето мислење да го изрази, но би сугерирал една работа во делот на оперативните мерки на Владата, ако е тоа од корист и ако знам дека тешко е тоа брзо решливо и да се стави во закон, добро би било да се еден дел како што разговараме еден дел ќе биде под контрола, а додека друг дел од цените ќе биде отворен, имаме ние доста производи кои се пренесени, наследени по старите закони, прописи на Југославија кои прават во прометот и те како проблеми, за тој дел треба да се изнајде начин, како, кои се тие производи што можат, бидејќи ние немаме причина тие производи кои не ги произведуваме да даваме голем заштитен механизам.

XIII/JM/ЉР

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ**: (продолжение)

Треба да создадеме услови барем постапката за добивање на тие согласности да биде поедноставна и од страна на министерствата и од страна на Владата ако сакаме да си поедноставиме и приливот на одредени стоки кои ги немаме, а ние со стариот механизам ги штитиме во Македонија. И уште една сугестија што мислам дека може да биде од корист во делот на стимулирањето на извозот, не сум толку присталица примарната емисија да биде присутна, таа колку ќе има корист да биде корисна бидејќи во спротивно може да има и сериозни последици за фирмите, бидејќи ние реалниот курс сите го потенцираме а како се поставува знаеме. Меѓутоа, како да не сакаме да кажеме како може да се обезбеди тој реален курс. Во тој дел мислам дека треба да се имаат во предвид и двата елемента за стопанството. Ако создаваме додатни мерки за извоз, тогаш мора кај инпутите да вршиме интервенција, значи да им обезбедиме едно двојно пеглање што лично мислам дека во оперативниот дел Владата кога ќе ги разработува мерките тоа сигурно ќе го земе во предвид. Ја користам приликата сега да потсетам за тој дел. Намерата ми беше да ги кажам овие неколку сугестии. Да укажам уште еднаш, да го кажам сопственото мислење дека сето тоа што произлегува од состојбите живото мора да тече, а тоа не значи дека ние со овие дополнителни мерки дека можеме за кратко време, а за кратко време никогаш не се очекуваат добри резултати. Даваат некои погодности, меѓутоа долгорочно сигурно дека секогаш се бараат и долгорочни решенија. Затоа треба да ги прифатиме овие мерки по моја оценка како предуслов за создавање на услови за проценка на целокупната економска состојба и приликите за стопанисувањето во наредната година.

XIII/2.-

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, дозволете на почетокот да истакнам неколку воведни напомени кои треба да го изразат мојот приод и начелен став по предложениот материјал. Ние, во многуте од народот оценети општи дискусии, дискусии во кои преовладуваше политика започнавме да се префрламе на теренот на економијата. Ова е прв материјал по Антиинфлационата програма од старата Влада во кој ќе треба да ја искажеме и својата зрелост, својот настап кон горливите прашања од нашиот секојдневен економски живот. Неспорно е дека се наоѓаме во фаза на исклучителни економ- ски тешкотии, во фаза на семожни рестрикции, стопански колапси, не- маштија и беда. Сето тоа е проследено и со бројни социјални немири, штрајкови, прекини на работа и слично. Овој Парламент мора да ги респектира таквите состојби пред се поаѓајќи од интересите на нашиот народ и од нашите реални можности да понуди мерки и решенија за надминување на оваа состојба. Поаѓајќи токму од тоа јас сакам да ги изнесам своите видувања кон овие дополнителни мерки. Сметам дека тие не можат да го постигнат тоа. Зошто? Пред се затоа што во приодот се рестриктивни, а тоа за жал сите мерки рестриктивни за деловите од стопанството кои би требало да нудат развојни решенија се погубни. Ниедна рестриктивна економска политика, а тоа економистите го знаат подобро од мене, не вродила со резултат и ако имало некакви резултати тие биле само краткорочни, а потоа се враќале како бумеранг. Верувам дека тоа никој од нас не го сака.

Прво, дополнителните мерки на економската политика за 1992 година што ни се предложени не пружат доволно јасна слика во какви услови на стопанисување ќе се најде нашето македонско стопанство до крајот на годината. Повеќе ми наликува на гласна тажачка за тешката состојба

проследена со закани за немирните и непослушните стопански субјекти, дека за нив престои рестриктивна и строга казнена политика. Со казни барем колку што јас знам не се постигнува развој .

Второ, во конкретните мерки недостасува селективност. И ако некаде тоа е направено имам впечаток дека не се погодени правите пунктови. На пример во дефинирањето на монетарните агрегати и селективното поттикнување на земјоделството и извозот на стоки.

Во мерките се предвидува дека приоритет во поддршката на земјоделството ќе имаат залихите на пченица, откупот на сончогледот, шеќерната репка и подготовките за есенската сеидба. За есенската сеидба би се сложил. Меѓутоа, мислам дека токму по овие прашања е веќе доцна за другите. Имено, откупот на пченица, сончоглед и шеќерна репа е веќе завршена работа. Пред нас претстојат проблемите за откупот на грозјето, тутунот, јаболкото. Тука треба да се нудат решенија и тука треба да бидат усмерени напорите за пласман на парите од примарната емисија. Да не заборавиме дека оваа наша Република токму од тутунот,од грозјето, а и од јаболкото можеше да оствари девизи и досега и остварувала. Во овие мерки ништо не се спомнува за нив. И да не чуди кога утре ќе се кренат тутунопроизводителите како што тоа денес го прават производителите на грозје, а верувам дека и мојот Ресен и другите подрачја кои произведуваа јаболка ќе имаат исти такви реакции, со оглед на тоа што родот е веќе 70% поголем во однос на минатата година. Затоа повторувам потребни се мерки за развој на економска политика, а не рестриктивна.

Трето, добивам впечаток како да сакаме со овој документ да се воведеме во репресија и санкции во спроведувањето на економската политика наместо да се даде место и простор на пазарот и пазарните

законистости. за кои сесрдно од почеток се залагавте. И така предвидуваме дека суштествено ќе зајакне инспекцијата и државните органи, дека ќе се пропише казнена камата двојно повисока од инфлацијата, дека ќе се зголеми височината на казните итн. А каде е просторот на експанзија на слободната иницијатива, каде е тој фамозен пазар што сите го посакувавме, каде е порастот на личните примања на сите вработени, каде е таа долго очекувана оаза на благосостојба и напредок? Свесен сум дека живееме во друго окружување, но тоа не треба да биде причина за ваквиот песимизам и политика на казни, политички санкции, наместо развој.

На крајот морам да изнесам еден свој став што длабоко ме погодува, моите сфаќања за власта, за Владата. Имено овој Парламент изгласа недоверба на Владата во претходниот состав. Зошто? заради целокупната политика и активностите што таа ги преземаше а сега кога така рековме за неа, оваа новата Влада гради нови мерки врз етари основи. Дали е тоа прифатливо? Ниту дека не е. Дури е недозволено. Нели ќе беше подобро оваа Влада да направи поголеми и потемелни согледувања, па потоа да понудеше нешто свое оригинално а не да се случи утре да бараме оправдување за нашите промашувања затоа што сме ги темелеле на претходната влада.

Нека ми биде дозволено во оваа прилика со неколку збора да се обратам до претседателот на Републиката. Исклучително го ценам неговиот придонес за сите досегашни резултати и се што стори за Република Македонија. Но тој беше еден од главните креатори на повеќе програми за економската стабилизација што беа присутни на овие простори од 1965 година. Затоа очекувам од него многу повеќе да придонесе во креирањето,а ако сакате и во дефинирањето на некои програмски цели. И да не останам должен да го изнесам својот предлог за надмудрување на

XIII/5.-

ваквата состојба. Сметам дека Владата треба да направи дополнителни, потемелни согледувања за сите аспекти на стопанскиот живот, да ги подготви сите системски закони пред се законот за трансформација на сопственоста, законот за даночниот систем и законот за надворешно - трговско работење и со еден заеднички пакет на мерки да ги достави до овој Парламент што би уследило со нивно заедничко донесување. Зошто без нив навистина ќе продолжи правната анархија и мерките ќе бидат не само неефикасни и нерационални, туку и не продуктивни. Овие мерки ги сметам како изнудени решенија кои повеќе имаат димензија на политичка конотација. Инаку мислам дека штрајковите во стопанските субјекти не само што нема да стивнат, туку можеби ќе дојде до нивно продлабочување.

**ПЕТАР ТРАЈКОВQКН:**

Почитувани пратеници, иако материјалот за оваа седница стигна многу касно, не можев ниту да помислам дека за вакви мерки не ќе може да се извршат некои измени на дополнителните мерки каде што мислиме дека е направена грешка, или е извршена погрешна, или намерно погрешна процена. За такви пропусти како што е пропустот во земјоделството поготово со тутунот иако не сме во можност да извршиме битни измени, тогаш ќе ги изврши мислам самиот производител за кратко време, сигурно не повеќе од 2 месеци. Да не би дошло до тоа, мислам дека има време да се изврши корекција на предложените дополнителни мерки кои се однесуваат на самиот откуп на тутунот што е и најважен момент за секој тутунопроизводител. Предлогот на измената во приоритетите за поддршка на земјоделството да се вметне и откупот на суровиот тутун произлегува и од самиот текст на првата реченица од ставот 2 на страна 2 од дополнителните мерки каде стои дека ќе се продолжи со поттикнување на намените во земјоделството и извозот на стоки и услуги кои обезбедуваат

девизен прилив во републиката. Ниедна од наброените култури во текстот не дава таков девизен ефект како тоа што го дава тутунот. Имено, и во бившата Југославија скоро 60% од производството на суров тутун од Македонија се реализираше на надворешниот пазар т.е. за извоз и се оствaрувaa годишно од 60 до 70 милиони долари нето девизен ефект. Нето девизниот ефект произлегува од тоа што за производството на суров и ферментиран тутун скоро да не се користат и увозни супстанци со исклучок на заштитни средства. Тоа што за потребите на фабрикацијата на цигари се користат девизни средства произлегува од потребата на увоз на суровини, а тоа се најповеќе крупнолисните тутуни, репроматеријали и опрема. Девизите потребни за фабрикацијата би се користеле и да нема производство на суров и ферментиран тутун како што е нашиот, а тоа е дел од репродукцијата од која преку продажбата на цигарите се оставаруват значајни средства за буџетот на државата. Знаеме во последно време каков е доприносот од продажбата на цигарите во нашиот буџет. Со осамостојувањето на Република Македонија продажбата на ферметниран тутун за другите републики од бившата држава има третман на извоз со што девизниот ефект од продажба на тутун за извоз ќе се зголеми и се изнесува преку 80 милиони долари.

Втората причина за која што треба тутунот да биде вметнат во приоритетите за поддршка на земјоделството, е тоа што откупот на тутунот секогаш се вршел со кредити од деловните банки во кои учеството на средствата од примарната емисија секогаш се движело околу 60 до 65%. Тоа се правело заради должината на технолошкиот процес на производството на ферметниран тутун кој е предмет на трговија и трае 12

до 15 месеци, односно, се откупува на крајот од производната година, а неговата реализација поготово за извоз се врши до трети месец третата година. Заради тоа и каматните стапки на кредитите за откуп на тутун биле меѓу најниските во земјоделието. Оваа година како никогаш досега изостана и кредитирањето и на производството на тутунот. Се пласираат кредити од деловните банки и Народната банка на Македонија во вкупен износ од 1 милијарда и 360 милиони денари што претставува само 2,5% од вредноста на производството на тутун за реколтата 1992 година по заштитни цени од 1.800 денари по 1 кгр. тутун. Ова уште повеќе ја усложнува работата околу обезбедувањето на средствата за откуп на тутунот од оваа берба. Според информацијата од претпријатијата за обработка на тутун тие можат да учествуваат со околу 15% од вредноста, а останатите средства треба да се обезбедат од деловните банки и примарната емисија. Неопходно е и на тутунот при кредитирањето да му се даде еднаков третман како и на останатите земјоделски производи од селективниот програм утврден со Законот за поттикнување на земјоделството, односно да не се случи заради тоа што тутунот се откупува најназад, за него да нема средства примарната емисија. Ние знаеме со Законот за поттикнување на развојот на земјоделието кои култури се ставени за да имаат приоритет, но со немањето на доволно средства од примарната емисија и нејзиното неправилно рас- пределување. Само да напоменам, од 23 милијарди 8 милијарди одат во Буџетот на Републиката, а намената може да се насети како и што ќе биде. Квотите кои Народната банка на Македонија ги утврди за одреден период треба да се распоредуваат според вредноста на производите за кои се наменети тие средства, а не приоритетот да го добијат оние производи кои попрво ќе се откупат. Традиционално откупот на тутунот почнува од 15 ноември вонредно, а редовниот откуп  на 1 декември и до крајот на годината се откупувале скоро 60, 70% од

XIII/8.-

количините што оваа година можно е тоа да дојде и до 80% од вкупните количини. Ова се прави заради тоа што индивидуалните тутунопроизводители не се во состојба да го чуваат тутунот подолго време кај себе, а истовремено да го сочуваат и неговиот квалитет. Заради тоа секое одложување на преземањето на тутунот и неговото одложено плаќаше би значело големо незадоволство и револт кај индивидуалните тутунопроизводители чиј број оваа година се движи и до 300 илјади жители или 20% од вкупното население на Република Македонија. Ако не се откупи и плати на време тутунот можни се и нереди и други непожелни работи. Значењето на тутунот за Република Македонија доволно зборува податокот од Стопанската комора каде вкупно, тоа е приближно околу 118 милијарди денари за сите земјоделски производи од пролетната сеидба, вклучувајќи ја тука и пченицата. Само за тутунот се потребни 57 милијарди што е скоро 50% од вкупно потребните средства. Со овие дополнителни мерки на економската политика со стабилизационен карактер за 1992 година може иако во многу кратко време да се види дека овие мерки се со дестабилизационен карактер поготово во самото земјоделство. Со овие мерки земјоделството во Македонија пак се става на втор план иако минатата и оваа година некои работи почнаа да се раздвижуваат во самото земјоделство. Со вака поставени мерки земјоделството не само што ќе се врати на- назад, туку нема ниту да се помести од местото на кое што е. Во овие дополнителни мерки тутунот како најважна и стратешка култура која е со најголем интерес за Република Македонија е изземен од приоритетот во поддршката на земјоделството со што откупот на тутунот почнува скоро за еден месец е доведен во прашање без да се помисли на последиците од тоа. Се избегнува тоа што е најважното, а тоа е дека тутунот е најорганизираната земјоделска култура преку организациите и здруженијата. Приоритетот е направен со погрешна проценка, бидејќи не е

земена во предвид вистинската вредност на производите за кои се наменети тие средства. Тутунот е култура&£.о која се занимаваат како што реков околу 300 илјади тутунопроизводители, а сите тие 300 илјади тутунопроизводители се жители на оваа држава со најнизок животен стандард.

**ПЕТРВ ТРАЈКОВСКИ**: (Продолжение)

Меѓутоа, оваа година интересот за зголемување производство за тутун се движи околу 20-25%. Зголемениот интерес само да напомнам, заради навремената исплата при откупот, авансирањето натурално и парично во текот на производството, што е редок случај кај другите земјоделски култури. Да напоменам и тоа дека нема ниедна земја во светот каде тутунот не е премиран со одреден стимулативен процент, а и таму каде што тутунот не е водечка и стратешка култура, а и таму каде што е водечка, како што е кај нас, единствено кај нас тутунот не е премиран од страна на државата. На тој начин тоа население егзистира и живее во текот на годината со, како што напомнав, авансот натурален или паричен и навремениот откуп и навременото исплаќање за предадениот тутун. Тутунска култура што остварува најголем девизен ефект се остава зад култури што се става за култури за кои се трошат повеќе девизи. Поради растот на инфлацијата тутунопроизводителите својот производ ќе мораа да го продадат што побргу а се очекува оваа година до крајот на 12 месец и 80% од вкупно произведениот тутун да биде откупено, бидејќи претпријатијата се во состојба да го сторат тоа, бидејќи изменетите осовременетите технолошки процеси тоа им го овозможуваат. Само за пример да кажам со доцнење на откупот за 15 дена тутунопроизводителите би изгубиле 20-30% од својот труд со ваквата инфлација. Сите знаеме со овие мерки инфлацијата нема да ја сведеме на нула. Таа ќе си расте и тоа со вакви мерки и растењето може се очекува да биде рапидно. Подобро би било истата поефикасно да се контролира како инфлација на начин со кој нема да се дозволи многу брз пораст каков што е сега. Во овој момент кој

што би произлегле од ненавремениот откуп на тутунот ќе бидат многу поголеми, отколку зголемената инфлација од неколку проценти од кои би произлегла со пуштањето на примарната емисија за навремено откупување на тутунот. Треба да се запрашаме дали оваа година тутунот ќе биде кредитиран или не. Ако не се откупи за што постојат услови, како што се овие мерки, каде што тутунот е изземен од примарната емисија, државата е должна да го изврши откупот, бидејќи тутунот си има своја заштитна цена. Се прашувам во тој случај како државата ќе набави средства и кој ја сноси одговорноста за непожелните состојби што би настанале во таквата ситуација. Дали под притисок на тутунопроизводителите Владата ќе изнајде средства и дали тоа ќе ни биде на сите нас потребно. Треба сега кога е време да се потсетиме на она што би се случувало при пореметен откуп на тутунот. Бидејќи тутунопроизводителите се нај- сиромашниот слој во Македонија со сигурност ќе почнат социјални немири, а кое население како што кажав е 2 0% од вкупното население во Република Македонија. Ќе следува формираше на штрајкачки одбор и штрајкови кои веќе се најавуваат. Следува после тоа блокирање на патишта и тоа запирање на тековното работеше на стопанството, бидејќи тутунопроизводители имаме скоро низ целата Република. Потоа, ќе следат штрајкови и на тутунските работници кои се преку 10 илјади. Ќе настане зголемување на тензијата на невработените кои би се солидализирале со тутунопроизводителите. Следува ангажирање на органите на Министерството за внатрешни работи и можност за реприза на Радовиш,,Куклиш и други места. Пореметувањето на најлошото што ќе настане поради тоа е пореметувањето на обработката на тутунот, пореметувањето на технолошките процеси при обработката,

доцнење на финализирањето на готовиот производ, а со тоа и доцнење на испораката на тутунот, на купувачите, кои претежно се од западните земји. Ние знаеме дека 80% од нашиот тутун се извезува во западните земји.

На крајот би се запрашал дали некој се плаши од големината и значењето на тутунот и тутунопроизводството или некој сака тоа што го имаме добро и тоа да се сруши. За вака поставени мерки од кои гледам дека нема ни најмала гаранција за било каков стабилизационен карактер, поготово во земјоделството, поточно во тутунопроизводството, не можам и не смеам да дадам поддршка за вакви мерки што се од стабилизационен карактер.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На почетокот сакам на ова прво соочување со Владата да им изразам благодарност на сите колеги од коалицијата на власт кои помогнаа на опозицијата да покаже и докаже дека овие мерки ан Владата што се понудени се неиздржани и несоодветни на актуелниот момент. Или, повторно ги побркавме лончињата, па заборавивме кој е на власта па кој е во опозицијата. Затоа сакам да потсетам дека ова не е Експертската влада која може секој да ја напаѓа, ако ништо друго да не ги ставиме граѓаните во заблуда, за да не мислат и да не знаат чија е оваа Влада за да на крајот сите од неа се откажеме.

Понатаму, сакам да го изразам мојот протест што материјалите што ги добија пратениците за расправа за оваа седница ги добивме како строго доверливи за да ден пред тоа се одржа прес-конференција во Владата и на

јавноста и бидат соопштени. И што премиерот си даде една произволна информација дека е јавна тајна дека курсот на денарот ќе се промени, па се создаде една јавна прихоза кај сите граѓани да го очекуваат денот кога ќе се одржи седницата на Собранието за да ги направат сопствените сметки околу промената на курсот на денарот. Ние прифативме една логика на однесување и наместо по Уставот пандаторот да ја извршеше својата обврска и при времето на гласањето за избор на Влада да понудеше програма како што тоа Уставот го бара, заедно со составот на Владата, и од претходната Владата на екс - премиерот Кљусев и од оваа, тие програми не ги добивме. Единствено од господинот Црвенковски добивме едно куртуазно уводно експозе, обраќање до пратениците, а никаква програма. Затоа, сметам дека со овие дополнителни мерки можеби условно да се сфатат како некоја мини програма која што оваа Влада требаше преку својот премиер да ја понуди за време на нејзиниот избор во ова Собрание. Затоа сметам мерките кои што се предлагаат во истата се нецелосни и не нудат решенија за надминување на состојбите во стопанството и државата. Антиинфлационата програма даде ефекти независно дали некому, некои луѓе што си отидоа од оваа Влада им беа симпатични или не, впрочем, половина половина од нив останаа, имено, се стабилизира курсот на денарот, се изедначи официјалниот со црниот курс. цените почнаа да опаѓаат, инфлацијата опадна. Не се работи за никаква носталгија за старата Влада, заради тоа што ние сите сме носталгични за сето добро минато свршено време. Ние денес сме во состојба на правна несигурност на секој субјект во државата. Не се работи за првна несигурност на странците да инвестираат во државата заради непризнавањето на Македонија како самостојна и суверена држава или заради нејзиното опкружување, туку за несигурност на самите граѓани во Македонија, правна

несигурност во системот во кој живеат. Надвладеа политиката на тотална финансиска недисциплина, сивата економија, невиден грабеж на општествениот капитал кој остана единствена сопственост и институционално незаштитена, максимално одбегнување плаќање на даноци, плаќањата во земјата и во странство да се одвива на црно и во готово без функционирање на платниот пример, недоверба во банкарскиот систем, заради неговата неликвидност, пред се, заради штедните девизни влогови на граѓаните, цветање на стопанскиот криминал, лажна социјална демагогија и на синдикатот наследник на до вчера режимскиот, подведување на Владата во тоа оро, пораст на инфлацијата, дефектен систем на некаква трансформација на општествениот капитал кој создаде акционери што штрајкуваат и бараат плата пред Собранието, нефункционирање на целиот платен промет, односно СОК. Можност е да се потсетиме дека Антиинфлационата програма која што самите ја создадовме ја турнаа партијата во коалиција, но затоа господ гледа и враќа па господинот Киро Поповски како потпретседател на Собранието му ја додели функцијата да ги убедува штрајкувачите за сите штрајкови што се во Републиката кога штрајкуваат и протестираат за донесениот закон за измени и дополнувања на Законот за исплата на платите и другите надоместоци кои ги предложија претставници од неговата партија. Не сум убеден или не ме убедија министрите кој што вчера расправавме на седницата на Комисијата за буџет и финансии дека ова што е понудено како мерки, ниту пак овие закони кои се понудени врз основа на овие мерки за оваа денешна седница, ќе придонесат за ублажување на неповолните состојби во стопанството и нестопанските дејности и ќе придонесе да се создадат услови за воспоставување на макроекономска стабилност. Расправата во Комисијата за буџет и финансии тоа и го покажа, па затоа

лично не можам да ги поддржам предлог - мерките кои се на дневен ред. Мерките, прво, не тргнуваат според мене од правилна дијагноза на состојбите во стопанството и не нудат радикални потези што ќе придонесат за целта за кои и се нудат. Пред се, ни нудат јасна визија за тоа дали инфлацијата ќе расте, ќе се намалува, со каква динамика истата ќе опаѓа. Ние прво како Парламент не создадовме законски услови за стопанисуваше и наместо мерки што денес Владата ни нуди беше многу подобро да ги поминевме сите закони кои беа во процедура од старата Влада барем во првата фаза, за да ја забрзаме динамиката на заокружувањето на стопанскиот систем на државата. Ние го обвинуваме и Министерството за односи со странство за неговата ваква или онаква активност за признавањето на Републиката, меѓутоа, сами сме си виновни, заради тоа што бараме меѓународно признавање, а најдобри амбасадори за тоа се стопанствениците за кои ние како парламент не сме создале услови да стопанисуваат и да не презентираат овде и во странство.

Што се однесува до текстот на предложените мерки би кажал неколку конкретни забелешки кои би можеле да го подобрат текстот на мерките, а и на активностите кои што треба да се преземат од страна на Владата. Сметам дека Парламентот под итно треба да ги донесе сите одлуки за зачленување во меѓународните финансиски организации и ако ништо друго, иако не сме меѓународно признати и примени како полноправни членки во организацијата на 00Н тие одлуки да ги доставиме до овие меѓународни институции и да го зголемиме нашиот ангажман и присуство во светската банка заради користеше на квотите од меѓународните кредити кои што поранешна СФРЈ ги добиваше а парцијално се поделени по републиките.

што се однесува до ниското ниво на девизните резерви, сметам дека Владата воопшто не понудила решение или тоа не е наведено за мерките како мисли Владата да го привлече девизниот прилив на сите средства до сите стопански правни субјекти кои своите девизни средства ги чуваат на девизни сметки во странство.

Што се однесува на распраќањето, како што е овде наведено, на поранешниот југословенски пазар, сметам дека не треба секогаш причината за нашата неспособност да ја бараме во другите, туку меѓу нас самите. Затоа, сметам дека не е за мене прифатливо решението дека наплатата на приходите за обезбедување потребни средства за јавната потрошувачка, ќе се остварува како и до сега со постојните царински стапки. Законот за царинската тарифа и царинскиот закон треба веднаш и под итна постапка да ги донесеме за да можеме да создадеме услови во кои ќе го стимулираме стопанството и одделни индустриски и производни гранки во Републиката, имајќи предвид дека законот за царинската тарифа и Царинскиот закон кој што ги презедовме од поранешната СФРЈ го штитеа пазарот и структурата на стопанството на тој поширок пазар.

Што се однесува до снабденоста на пазарот со нафтените деривати и наведувањето дека причина за тоа се економските блокади од страна на Република Грција колку да е тој неспорен факт мислам дека не треба Република Грција да ни биде толкав алиби за внатрешната неспремност на кадрите во Владата да издејствуваат и преземат мерки и чекори за снабдување на пазарот со нафта и нафтени деривати. Немаше потреба да се чека последниот ден кога пресушија последните резерви на нафта за да

се тргне во насока запад - исток и да се побара од соседните држави Бугарија и Турција помош и излезни решенија за снабдување на пазарот со нафта и нафтени деривати. При тоа, ја користам приликата да укажам, бидејќи тоа е едно од главните спорни прашања, едно од главните прашања заради што Републиката можеби ја нема очекуваната финансиска поддршка од странство за да и се оствари оваа Антиинфлациона програма до крај или овие стабилизациони мерки кои сега се предлагаат, во сите контакти и разговори со било кој странски претставници во Републиката и надвор од неа да укажеме дека што се однесува до меѓународното признавање на РМ, Македонија нема никаков спор со соседна Грција во врска со своето име ниту со ЕЗ ниту со било кој друг, спорот е внатре во самата Грција и на грчкиот естаблишмен, кој мора да се вратат во реалност дека Македонија ниту била грчка провинција, Северна грчка провинција, ниту била грчка, независно што денес Егејскиот дел од Македонија од 1913 година е под јуриздикција :на Грција.

Во мерките не се наведени активностите кој што Владата мисли да ги преземе за намалувањето на јавната потрошувачка преку рационализацијата на државната управа и реорганизацијата на државната управа. Понатаму сметам дека во средствата кој што ќе се обезбедуваа преку примарната емисија од Народната банка, поддршка би требало да се даде, освен оние наведени земјоделски производи и на откупот на грозјето, виното и тутунот.

Во предлог - мерките никаде не станува збор за невработеноста која Републиката ја притиска и бројот на невработените кој изнесува околу 170 илјади претежно млади кадри кој напуштаат Републиката и нашата држава како крајно негативна појава.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (продолжение)

Што се однесува до функционирањето на царинската управа, сакам да укажам и на Владата и на надлежното работно тело на Собранието под итна постапка да ја завршат процедурата околу изборот на директор и заменик на директор на царинската управа и оваа царинска управа, односно овој орган на управа да биде стручно и организационо засилен за да не се случува сите мерки што ќе ги преземаме преку разни махинации и манипулации на граничните премини, заради ниските плати на овие работници, царински работници, да се нарушува целиот модел на мерки што го преземаме за заштита на интересите на стопанството на Републиката.

Сметам, исто така дека не се воопшто начнати вистинските места каде што се врши одбегнување на плаќање на данокот на промет и за мене Владата треба да преземе мерки за да се преиспитаат одлуките за отворање на внатрешните фри-шопови кои во целиот свет по- стојат само на граничните премини и аеродромите, заради тоа што одбегнуваше на плаќање на данок на тутун, алкохол и кафе кој претставуваат главни приходи во буџетот на секоја држава се одбегнува токму преку внатрешните фри-шопови, независно од тоа каков е девизниот ефект од оние 30% што ги добива НБМ.

Што се однесува до сега за функционирањето на Законот за плаќање посебна такса за патување во странство, за оние 30 марки, Владата воопшто не ги наведува ефектите од овој закон и околу трите милиони марки каде до сега се употребени, со каква цел, колку ќе бидат остварени и до кога ќе се применува овој закон за да можат да се очекуваат некакви позитивни ефекти од неговата примена.

Што се однесува до исплатата на платите на вработените утврдено во Анексот на општествениот договор за што би се осврнал при расправата

околу донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за исплата на платите, сметам дека е потребно да се преиспита неговата уставност и дали не ќе беше подобро одредбите што ги вградивме, што Владата ги вгради во Анексот на општиот колективен договор да бидат вградени во форма на постојниот закон за исплата на платите, сметајќи дека кога станува збор за договор не постои никаков механизам и обврска на органите на управата да обезбедат негово спроведување до колку некој од потписниците не мисли да го спроведува. Затоа, она за што Владата смета дека донесувањето на овој закон ќе овозможи да се придонесе за некаква стабилизација на платниот фонд во Републикава, сметам дека нема да вроди никакви ефекти бидејќи уште во стартот се кажува, се тргнува со констатацијата дека истиот не може да се спроведува, знаејќи пред се дека ниту синдикатите ниту Комората како работодавец, фиктивен работодавец не можат да го задржат легалитетот на странките што ги претставуваат во договарањето.

Што се однесува до забраната за исплата на дивидендите на правните лица кои трансформацијата на претпријатието не ја извршиле согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, сметам дека Владата должи една информација на ова Собрание, дали се знае кои се тие правни лица, според извршената контрола од СОК кои до сега не ја извршиле трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал согласно постојниот Сојузен закон за продажба на општествениот капитал и какви санкции се преземени против овие субјекти.

Проблемот со штедните девизни влогови воопшто не е начнат. Владата треба да ја спроведе обврската да се донесе Законот што беше во процедура а е повлечен бидејќи со предложениот текст на Законот за

продажба на становите во општествена сопственост сметам дека ниту малку не може да се реши проблемот со девизните штедни влогови на граѓаните.

За мене е од битно значење донесување на Законот за престанок на Законот за Сиз-овите за становање, СИЗ-овите за деловен простор, а Владата должи и една информација до Парламентот каде се се дистрибуирани воените станови и колкав ефект девизен можеше да се оствари од продажбата на истите, доколку се продаваа под исти критериуми како и другите станови во општествена сопственост во Републикава.

Што се однесува до потребниот обем за меѓународните дозволи за вршеше на меѓународен товарен и патнички сообраќај, сметам дека Владата би требала под итна постапка да го регулира транзитот на грчките товарни возила преку територијата на Република Македонија, за да не се случува и ден денес овие возила да ја минуваат Република Македонија со дозволи на поранешната СФРЈ, а за тоа да не се наплаќаат никакви средства на граничните премини.

Исто така, што се однесува до економските односи со странство, наместо поранешната ЈУМБЕС банка, Владата би требала да понуди законски проект формирање Македонска банка за меѓународна економска соработка која што ќе го стимулира и кредитира извозот и извозно ориентираните производни претпријатија.

Во постапка во ова Собрание едно време имавме закон со кој што се бараше да се пренесат средствата на Републиката депонирани во стопанска банка во НБМ. Тогаш тој закон го повлековме од постапка, меѓутоа сметам дека и понатаму треба да се задржи определбата по пат на јавна институција конкурс да се понудат заинтересираните деловни банки што под поволни услови што ќе ги прифати Владата ќе обезбедат место

средствата на Република Македонија да бидат депонирани во таа деловна банка и да не може само делот од приходите на каматите на депонираните средства да претставува приход на Буџетот на Републиката, туку сите приходи од каматите на депонираните средства да се сметаат како приход на Република Македонија.

Што се однесува до формулацијата за постоење правни и физички лица, сметам дека е редно веќе еднаш и во пресметковниот и во даночниот систем па и целосно во функционирање на правниот систем да се одбегне можноста за понатамошно постоење на поделбата на правни и физички лица, имајќи предвид дека до сега правните лица биле персонификација на претпријатија во општествена сопственост, а физичките лица беа претставени како претпријатија односно лица во приватна сопственост. Сметам дека одредбите во сите закони и сите законски регулативи треба да се однесуваат подеднакво за сите субјекти кои стопанисуваат. Во таа смисла, за да се надминат разликите во пресметковниот систем помеѓу правните и физички лица да се надмине разликата со тоа што ќе се дефинира дека секое лице што стопанисува е правен субјект.

Што се однесува до регистрационите судови во Републикава, во одредбите на законите за судовите би требало да се надмине деформацијата што до сега постоеше која овозможуваше да се вршат регистрации над правни лица за кои што регистрациониот суд воопшто немаше надлежност и можност да утврди дали постои декларација за потеклото на имотот односно основачкиот влог претставен ако основни средства во основачкиот акт на претпријатието.

XV/5.-

Исто така Владата не дава реална претстава за тоа кога највисока каматна стапка во банкарскиот систем ќе биде есконтната стапка на НБМ за да може цената на капиталот да биде атрактивна за кредитирање нови инвестиции.

Што се наведува до наведените закони овде дадени, сметам дека покрај тие што се наведени, по итна постапка треба да ги донесеме царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Законот за надворешно трговско работење, за девизно работење, за странски вложувања, за сметководство, даночните закони, Законот за банките и други финансиски организации, за кредитните односи со странство и пред се за претпријатијата за работните односи и за установите.

Имајќи го предвид мојот став на почетокот што го кажав, сметам дека Собранието треба да го прифати амандманот што го предложив на Заклучоците, на Предлогот на заклучоците, а тоа е дека точката 1 и 2 треба да се заменат со нова точка која гласи:

Собранието на Р Македонија ги разгледа дополнителните мерки на економската политика од стабилизационен карактер за 1992 година усвоени од Владата и, имајќи ги предвид забелешките, мислења- та предлозите и сугестиите на пратениците и работните тела, ја задолжува Владата во најитен можен рок да ги преземе сите мерки од нејзината надлежност и да ги подготви и на Собранието да ги достави на усвојување.

Сите акти со кои што ќе се заокружи правниот систем, стопанскиот систем и економскиот суверенитет на Републиката како самостојна држава , а особено во соборувањето на инфлацијата.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитувани колеги, јас не би правел коментар на целата Програма на Владата бидејќи многу колеги до сега се изјаснија по неа. Со многу од нив се согласувам. Меѓутоа, мислам дека многу дискутанти не ја познаваа оваа

материја па доста паушално се произнесуваат по неа.

Сигурно дека јас ќе дадам поддршка на Програмата што ја донесуваме денеска, но не затоа што е таа толку добра или брзо ќе ги реши сите проблеми во Републикава од економска сфера, туку затоа што во овој момент ан политичко и економско заокружување на Републикава не е можно да се донесе некоја долгорочна програма за економ ски развој бидејќи многу работи кај нас сеуште не се доволно јасни и познати.

Ќе се задржам само на едно сидро од Програмата за која мислам дека е многу важно и сигурно претставува столб на оваа Програма, но мислам дека нема да издржи и ќе се пробие. Тоа е сидрото на платите. Во претходните месеци се создаде една таква еуфорија и до страна на синдикатите и од други институции, па да не речам и од некои партии се засилија работниците се ветуваше дека треба се да биде поинаку од тоа што е и мислам дека и синдикатот и другите институции недоволно или не сакаат или не ја познаваат реалната економска состојба на Републиката и не поставуваат реални барања. Јас мислам дека сите институции на власта, синдикатите, Комората, Владата, па и сите ние, Парламентот, народот треба да ја знаеме реалната состојба на Републиката и реалните можности што може во овој момент секој поединец во Републикава да очекува од оваа држава Ако тоа не се познава само демагошки ќе настапуваме пред народот, ќе го лажеме и нема да му ја кажеме вистината. Затоа, барањата треба да бидат реални и во согласност со можностите на Републиката.

Во контекст на тоа мислам дека недоволно е сега ова што се дава како дозвола за покачување на платите и по повторното ограничување од 15% во 65% на јунската плата. Ова сидро нема да издржи затоа што

трошоците на животот до сега и сега со оваа Програма ќе бидат толку големи што овие 15% не ќе можат да ги надокната. Моето залагаше до Владата и барање е да овозможиме претпријатијата што се пазарно ориентирани и зложени на светскиот пазар па и на малиот македонски пазар, ако го има, да им овозможиме непречено зголемување на платите спрема можностите и резултатите што ги остваруваат. Напомнувам, само на оние претпријатија што се пазарно ориентирани.

Второ, посебниот данок на личните доходи, на платите и пензиите не е во ред и тој можеби ќе има некој друг ефект. Нема да има економски резултати туку некои други резултати, резултати што не се од економска сфера. Со него ќе дојдеме повторно до урамниловка бидејќи минималните плати ги определуваме на едно ниво, максималните исто така и плус ги оданочуваме, така што тоа растојание меѓу нив ќе се стеснува. Товарот од ова повторно ќе падне на претпријатијата од општествената сфера. Приватните претпријатија имаат можности оваа мерка да ја изиграат. Така што мислам дека ефектите од законот нема да се добијат како прави економски, туку ќе има други ефекти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Денеска да прекинеме со работа, а ќе продолжиме утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот)